УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Институт за Филозофија
Последипломски студии

# Антрополошкиот концепт на АлберКами

-Магистерски труд-

Студент
Владимир Спасовски

Ментор
Доц. д-р Ристо Солунчев

јуни, 2012 год.
СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА

**Апстракт** ........ **4**

**Вовед** ........ **7**

**1. Биографски податоци** ........ **12**

**2. Егзистенцијалист или апсурдист** ........ **17**

2.1. Дали е Ками егзистенцијалист? ........ 19

2.2. Дали е Ками филозоф на апсурдот? ........ 22

**3. Основните претпоставки на апсурдот** ........ **24**

3.1. Лоцирањето на апсурдот ........ 27

3.1.1. Ирационалното бегство 32

3.1.2. Рационалното бегство 34

3.2 Апсурдот и моралот ........ 38

3.3. Ликовите- носители на апсурдното творештво ........ 42

3.3.1. Апсурдниот странец 44

3.3.2. Апсурдното недоразбирање 47

3.3.3. Апсурдната револуција 50

3.3.4. Апсурдното убивање 52

3.3.5. Внатрешниот апсурд 54

3.3.6. Апсурдниот владетел 58

**4. Револтот** ........ **60**

4.1. Револтот против историјата ........ 62

4.2. Метафизичкиот револт ........ 64

**5. Слободата** ........ **66**

5.1. Слободата да се живее ........ 70

5.2. Слободата да се избере ........ 72

5.3. Слободата да се биде свој ........ 74

**6. Односот на човекот кон светот ........ 76**

6.1. Светот како Бог ........ 79

6.2. Гласот на поединецот ........ 81

6.3. Судирот во самиот себе ........ 83

**7. Смртта ........ 85**

7.1. Смртта и апсурдноста ........ 87

7.2. Смртта како чума ........ 89

7.3. Смислата на смртта ........ 91

**Заклучок ........ 93**

**Библиографија ........ 98**

# Апстракт

*Што вреди човекот? Што е човекот?*
*После она што го видов,*
*целиот живот ќе бидам внимателен*
*и вознемирен во однос на него.*

Ками

Иницијална каписла за создавање на овој труд беше мојата ангажираност во училиштето за наставните часови по урбана култура. Заради подобрување на наставата по филозофија, а во исто време и заради задоволување на потребата за обработка на изворно филозофско дело, постои можност да се искористат дела кои учениците веќе ги имаат обработувано по друг наставен предмет. На овој начин учениците добиваат можност за обработка на нова, филозофска проблематика со помош на дело кое веќе е апсолвирано по друг наставен предмет. Тогаш меѓу темите кои учениците имаа можност да ги изберат од обласа на современата филозофија се наметна темата за обработка на романот „Странецот" на Албер Ками.

Ваквиот тип на корелација меѓу наставните содржини има за цел да даде суштинско објаснување на филозофскиот правец егзистенцијализам преку романот „Странецот", дело на Албер Ками, кое стои како лектирно издание по предметот Македонски јазик и литература, а кое во исто време би послужило за интерпретација на филозофските идеи на писателот.

Уште поголем поттик за посериозно проучување на Ками беше недостатокот на информации за авторот и неговото дело во учебникот по Филозофија за четврта година гимназиско образование, во кој авторите, пишувајќи за филозофскиот правец

егзистенцијализам, Ками го препознаваат само со една и единствена реченица: „Третата варијанта на овој филозофски правец е наречена егзистенцијализам. Нејзини најзначајни претставници се Жан-Пол Сартр, Морис Мерло-Понти, Симон де Бовоар, а некои го приклучуваат и Албер Ками“.[1]

Така пронаоѓајќи и читајќи ги делата на Ками, како и нивната критика, дојдов до заклучок дека тие се многу малку третирани и обработувани кај нас. Со оваа проблематика кај нас се занимава Коле Јовановски, кој има напишано неколку статии, а од регионот се двете докторски дисертации на Адам Нинковиќ и на Никола Ковач. Затоа во чест на авторот од кого блика чист хуманизам, како и од неговото дело, кое е израз на длабокото познавање на човекот, сакам да дадам мое видување на антрополошкиот концепт на Албер Ками, кое во повеќе точки покажува една друга перцепција на нобеловецот.

Од сето ова, погоре наведено, сама од себе се наметна потребата за посериозно проучување на делото на Ками, кое плени со неговата јасност и едноставност, својствени за автор кој слободно може да се рече дека е народен. Но таа едноставност е само навидум и во своето дело како ретко кој автор, Ками покажува есенцијално познавање на човекот, кој самиот во себе ја открива причината за своето постоење.

Значењето кое ќе произлезе од овој труд, очекувам да биде препрочитување на еден нов Ками, кој освен тоа што претставува исклучителен хуманист, дава критички поглед кон моралот. Оваа тенденција на приказ на Ками е сосема спротивна на некои воспоставени тврдења за него како голем моралист. Сметам дека освен тоа што Ками не е моралист, тој во некои од своите видувања е близок дури и со Ниче, еден од најголемите критичари на воспоставениот моралот. Со тоа оставам простор за едно малку поинакво гледање на филозофот за кого човекот беше и остана мера за сите нешта.

---

[1] Сидовски Стефан и Кирил Темков. *Филозофија, учебник за IV година реформирано гимназиско образование*. Скопје: Просветно дело, 2005.

Предметот на истражување, целите и хипотезите во ова истражување, ќе се проследат со соодветни научни методи. Главниот метод на истражувањето ќе биде анализата, и тоа дескриптивната, која ќе помогне во набројувањето на посебните делови на истражувањето, како и експликативна анализа, која ќе ги даде суштинските односи на деловите на истражувањето и нивната заемна поврзаност, компаративниот метод, потоа синтезата и индукцијата кои ќе овозможат еден вид на генерализација и дедукцијата, која е многу значајна за изведување на заклучоците.

Клучни термини кои ќе се употребат во оваа насока се следните: антропологија, човек, егзистенција, апсурд, револт, слобода, однос кон заедницата, смрт.

## Вовед

*Јас ќе речам дека сум песимист што се однесува до човековата судбина, но оптимист што се однесува до човекот.*

Ками

Во литературниот опус создаван низ времето на развојот на цивилизацијата, постојат дела кои се сведок на човековата големина, на неговите походи, напредувања и освојувања, но и на човековата немоќ, изгубеност и внатрешен немир. Исто така, постојат и дела кои го опишуваат светот, неговата големина, противречностите во него и ги бараат одговорите на истите прашања поставени уште во мугрите на самата цивилизација. Целокупното творештво на Албер Ками, пак од своја страна е поле на двобој во кој се кршат копјата меѓу човекот и светот кој го опкружува. Тој двобој всушност ни ја претставува суштината на она што е човекот и само низ тој двобој човекот станува и останува човек.

Но пред да се започне со каква било анализа на некое дело, треба за момент да се навратиме на општествените случувања кои го карактеризираат времето во кое е создавано делото и кои ќе ни дадат многу одговори за истото. Секое дело, освен личниот печат на авторот, носи и печат на времето во кое е создавано, затоа што авторот е дел од тој општествен тек и не е имун на случувањата во него. Затоа во анализата на делата на Ками, неизбежно е да се направи одредена ретроспектива на историските настани од неговото време, сé со цел поавтентично да се приближиме до неговото литературно сведоштво.

Карактеристика на времето во кое твори Ками е кинењето на нишката која ги поврзува моралот и религијата, па на современиот човек му се натоварени сите човечки одговорности, останува без утеха и надеж, нема надворешен авторитет. Сета одговорност за сопствениот живот одеднаш е падната на плеќите на самиот човек, а

спасот е во рамките на егзистенцијата, која неминовно отчукува со времето. Од друга страна со целокупните технолошки пронајдоци кои треба да му го олеснат животот, се гради една стерилна цивилизација која станува автоматизирана и која нема слух за поединецот.

Човекот станува униформен механизам, сведен е на бројка и живее во свет во кој вредноста се оценува квантитативно, а не квалитативно. Слободата на поединецот е последната лична страст и затоа сама по себе е неморална, а сопственото Јас е изгубено во мноштвото. Колективната страст е таа која е суштествена, сите погледи се насочени кон заедницата, во преден план е судбината на човештвото, додека судбината на поединецот е комплетно маргинализирана.

Во уметноста исто така владеат познатите односи на колективизам, каде колективната страст ја преминала личната страст, па така во уметноста веќе не царува љубовта, туку политиката. Сепак, уметничкото дело е единственото материјално нешто на светот кое има внатрешен склад и тоа е единственото нешто што може да одолее на притисокот однадвор. Уметничкото дело е единствениот совршен производ кој го создала една несовршена раса: „Тоа е крикот на илјада стражи, ехо на илјада лавиринти, тоа е светилник кој не може да се покрие, тоа е најдобриот сведок на достоинството кое сме го дале“.[2]

Затоа во делото на Ками, коешто претставува длабок израз на неговото несогласување со маргинализација на субјективитетот, на најуверлив начин се покажува човековиот живот со целокупната негова тежина, сложеност и противречност. Во нив човекот, како центар на светот е покажан низ една дијалектичка призма на неговата големина и нискост, на неговата возвишеност и простодушност, неговата смисла и бесмисленост. Потврдата за големината на мислата на авторот се гледа преку неговото дело, кое е прифатено како класична и

[2] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga* sedma. Zagreb: Zora, 1976, стр.267

трајна вредност. Камиевото дело во себе го носи силниот печат на мислењето и создавањето, на филозофијата и литературата.

Во својата филозофија Ками тргнува од три основни антрополошки проблеми. Тоа се смислата на човекот, смислата на неговиот живот и смислата на смртта. За да се разбере човекот, треба да се разгледаат сите подрачја врз кои е спрострен тој. Тоа се апсурдот, револтот, слободата, односот кон светот и смртта. Во своето дело Ками му ги прикажува на читателот двете страни: среќата и тагата, светлината и темнината, животот и смртта, а овој дуализам станува парадокс: Ние го цениме нашиот живот и постоење во голема мера, но во исто време ние знаеме дека ќе умреме и затоа нашите напори ни се чинат бесмислени. Додека ние живееме со дуализмот (јас можам да го прифатам периодот на несреќа затоа што знам дека ќе дојде период на среќа), истовремено не можеме да живееме со парадоксот (мислам дека мојот живот е од големо значење, но исто така мислам дека е бесмислен).

Во своето целокупно филозофско дело Ками дава еден хуманистички поглед на светот, поставувајќи ги на највисоко ниво човекот и неговата моќ за создавање. Вредноста на животот на човекот кај Ками зависи од неговата среќа. Но таа среќа тој не ја спознава како натчовечка, надреална, ниту пак вечна, надвор од животот, туку како среќа која е врзана со човековото живеење. Затоа Ками е против постојаното трагање по смислата на животот, а еден од добрите познавачи на делото на Ками, Коле Јовановски, во врска со животот, како една од најголемите вредности на авторот, ќе рече: „Вредносната редукција на животот, резултира со она што Ками го нарекува укинување на смислата на животот и останување во региите на биолошкото живуркање-вегетирање“.[3] Ками смислата на животот ја изразува како бескрајно задоволство на човек кој се одмора после добро искористен работен ден.

---

[3] Јовановски, Коле. *Антрополошкиот концепт на Албер Ками*. Скопје: Филозофски факултет, 1995, стр.12

Целта на оваа теза е да укаже на еден аспект на творештвото на Ками, за кој сметам дека досега не е допрен или дека е малку допрен од истражувачите на неговото дело. Тој ни го прикажува човекот растргнат меѓу две сили, притиснат меѓу два камена, а тоа се природниот човек и општествениот човек. Човекот го живее својот живот барајќи рамнотежа помеѓу она што е и она што се очекува од него да биде. Сепак, таа рамнотежа јунаците на Ками не ја наоѓаат, а тоа е основната поента на авторот, која ни го дава и неговото мислење за тоа прашање.

Затоа сметам дека антрополошкиот концепт на Ками е прикажан преку отуѓувањето на човекот, и тоа во рамките на сопственото Јас. Наспроти многуте тенденции на оние кои го сметаат Ками како моралист, бранител на она што е општественото кај човекот, јас сметам дека неговото дело не е ништо друго туку апел да се запре со ерозијата на природниот човек. Отфрлањето на еден дел кој е неотуѓив од нас, претставува сечење на живо ткиво, со што човекот ќе биде осакатен. Тенденција на Ками е да покаже дека природната страна на човекот е всушност неговата диференција специфика, која, ако се наклони кон општествената страна, ќе го сведе човекот само на колектив, на бројка.

Ваков, поделен и спротивставен во себе, во својата суштина, човекот треба да му се спротивстави и на светот, затоа што тоа спротивставување, тој однос ни го покажува човекот во неговата полна смисла. Не постои ништо надвор од тој однос, нема бегство од него и човечко е сé што е пресликано преку овој однос. Човекот станува човек само тогаш кога ќе му се спротивстави на светот, колку и да изгледа апсурдно тоа спротивставување. Бегството од апсурдот не е ништо друго туку откажување од животот, признавање дека тој нé надминал и ние не сме успеале да го разбереме.

Затоа, во крајна смисла, за да го разбереме Ками, односот на човекот кон светот треба да го погледнеме низ петте клучни координати кои претставуваат градбени елементи на делото на Ками и кои се суштински во експликација на тој однос, а тоа

се револтот, слободата, односот кон светот и смртта сите видени низ призмата на апсурдот, кој го дава односот на човекот и светот.

Но исто така, сметам дека е од круцијално значење овие координати (освен што треба да се објаснат и да им се даде определена поента), да се анализираат низ призмата на некои од главните јунаци во делата на Ками. Ваквата аналогија очекувам да ги даде објаснувањата на целокупниот антрополошки концепт на еден од најзначајните филозофи на дваесеттиот век.

# 1. Биографски податоци

*Ништо на луѓето не им е дадено,*
*а она малку што можат да го стекнат*
*го плаќаат со неправедна смрт.*

Ками

Албер Ками (*Albert Camus),* (1913-1960) е француски филозоф- романсиер, драматург и есеист, роден на 7 ноември 1923г. во градот Мондови (денес - Дреан), во областа Тареф, Француски Алжир (денес - Алжир). Неговиот татко по потекло е Французин, а неговата мајка Шпанка. Останува без својот татко уште на едногодишна возраст, бидејќи тој загинува во Првата светска војна. Детството и раната младост му поминуваат во сиромаштија и во опијанетост од светлината, па затоа вели дека сиромаштијата го спречувала да верува дека сé под сонцето е убаво: „Најнапред, сиромаштијата никогаш не била несреќа за мене, светлоста над неа ги ширеше своите богатства“ [4]. Тешкиот детски живот на Ками може да се види многу сликовито низ неговото недовршено, а постхумно издадено дело „Првиот човек“, кое го посветува на својата мајка: „На тебе, која никогаш не ќе можеш да ја читаш оваа книга“.[5] Во делото Ками нé запознава со сеќавањата за својот татко, пренесени од неговата мајка, пронаоѓањето на неговиот гроб и посета по четириесет години и тоа на инсистирање на мајка му: „Со години, откако живееше во Франција, си ветуваше дека ќе го направи она што неговата мајка, која остана во Алжир, го молеше веќе долго време: да отиде да го види гробот на татко му, што самата никогаш го немаше видено“.[6] По смртта на татко му, семејството на Ками се сели во сиромашниот дел на

[4] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga prva.* Zagreb: Zora, 1976, стр.38
[5] Ками, Албер. *Првиот човек*. Прев. Благоја Велковски-Краш, Скопје: Зумпрес, 1995, стр.9
[6] Ibid, стр.23

градот, каде мајка му чисти по куќите и така го издржува своето семејството. Неговото детство не било ни малку лесно, затоа што освен сиромаштијата која ги притискала со целата нејзина сила, немало ни реално кој да го насочи во животот: „Никој, навистина никогаш не го научи кога беше дете што е добро, а што лошо. Одредени работи беа забранети и казнувани ако се прекршат. Други пак не. Единствено учителите, ако програмата им оставаше време, им даваа понекогаш поука, ама тука и забраните беа уште поточни отколку објаснувањата“.[7]

Сé до моментот на поаѓање во основното училиште, каде Ками покажува особени резултати, но исто така и поради фактот дека е сирак, неговиот учител го зема под своја закрила што во голема мера го ублажува отсуството на неговиот татко и игра решавачка улога во насочувањето во животот: „Тој човек не го познаваше татко му, ама често за него му зборување во некаков митолошки облик и, во секој случај во точно определен миг, знаеше да го замени таткото. Затоа Жак никогаш не го заборави, бидејќи откако никогаш стварно не го почувствува отсуството на таткото кого не го запозна, сепак несвесно ја препозна, прво како дете, потоа низ сиот свој живот, единствената татковска постапка, едновремено смислена и решавачка, што се случи во неговиот детски живот. Бидејќи господин Бернар, неговиот класен раководител, ја насочи со сето свое значење како зрел човек, во вистинскиот миг, судбината на детето за кое беше задолжен и навистина ја измени“.[8] Влијанието на овој човек во животот на Ками е од непроценливо значење, затоа што тој нема да го научи само она за кое бил платен, туку го прима целосно во сопствениот живот, му раскажува за своето детство и му го пренесува сопствениот поглед кон животот. Тој ќе му помогне на Ками да го совлада материјалот за упис во гимназија, со што ќе му ги отвори перспективите во животот.

[7] Ibid, стр.73
[8] Ibid, стр.109

Во гимназијата, Ками стекнува знаења и се запознава со светот, ги чита и ги проучува Паскал, Киркегор и Достоевски и воопшто ја запознава целокупната филозофија. Студира Филозофски факултет, време кога се́ повеќе чита, пишува, се занимава со театар, но покажува интерес и кон политиката. Неговата дипломска работа е на тема на учењата на Плотин и Августин, што му отвора можност за академска кариера, но заради туберкулозата од која се разболува не е во можност да ја изгради.

Првпат вистински Ками го свртува вниманието кон себе за време на окупацијата, а особено по војната, кога станува едно од најголемите книжевни откритија на тогашното време. Неговото дело спаѓа во групата на книжевност на револтот, и тоа неговата лева варијанта.

Во 1940г, Ками заминува за Париз, каде го затекнува и војната и каде во 1942г. излегува неговото најзначајно дело, романот „Странецот", првично објавено во Франција во 1942 година под наслов „L'Etranger". Романот е сведоштво за човекот кај кого егзистенцијата е доживеана како апсурд и кој го вивнува Ками високо во литературните кругови на француската книжевност и му ја обезбедува титулата филозоф на апсурдот. Неговиот богат литературен опус опфаќа повеќе подрачја на пишување, кои се поделени по следниот редослед:

1. **Романи**, во кои спаѓаат: *Странецот*(1942), *Чума*(1947), *Падот*(1956), *Среќна смрт*(1971) и *Првиот човек*(1995).
2. **Есеи**, во кои спаѓаат: *Ниту едно ниту друго*(1937), *Митот за Сизиф*(1942), *Бунтовникот*(1951), *Опасно создадено*(1957), *Тетратки*(1935-42), *Античката Грчка трагедија*(1956), *Зошто Шпанија*(1948).
3. **Колекции**, во кои спаѓаат: *Резиденција, бунтовност и смрт*(1961), *Лирски и критички есеи*(1970).

4. **Драми**, во кои спаѓаат: *Калигула*(1945), *Недоразбирање*(1944), *Положба по опсада*(1948), *Опфатен*(1959).
5. **Раскази**, во кои спаѓа: *Ексил и кралството*(1957).

Како резултат на литературниот опус кој го создава, 1957г. Шведската академија на науки и уметности на Ками му ја врачува Нобеловата награда за литература. Ками е изненаден, но почестен и неговата мисла во тие моменти е насочена кон неговата мајка и неговиот учител на кого ќе му напише: „Мил господине Жермен, почекав да се стиши целата врева што се крена сиве овие денови околу мене, та да Ви ја отворам душата. Ми направија толку голема чест која ниту ја барав, ниту ја поттикнував. Ама кога ја дознав веста, прва моја помисла, по мајка ми, беше на вас. Без вас, без таа предана рака која Вие му ја подадовте на сиромашното детенце какво бев јас, без вашата ука и подука и без вашиот пример, ништо од ова немаше да се случи. Не сакам да преувеличувам една ваква чест. Ама таа е барем можност за да можам да Ви кажам што бевте, и уште сте за мене, и да ве уверам дека вашиот труд, вашата работа и благородно срце кое Вие во неа ја вложивте секогаш ќе живеат кај едно од вашите ученичиња кое, и покрај годините, не престана да биде ваш признат ученик. Силно ве гушкам“.[9]

Исто онака како што живееше, мошне динамично, интензивно, со единствена мисла за творештвото, Ками загинува на четврти јануари 1960 г. во автомобилска несреќа, со Мишел Галимард, внук на сопственикот на издавачката куќа Галимард. Еден од истражувачите на неговото дело ќе рече: „Значи, да заклучиме: мачен и тегобен живот, постојана и беспоштедна борба со средината и со самиот себе, горчливи успеси, совладани внатрешни и надворешни препреки, преболени „комплекси“, слава, благосостојба и какво-такво здравје, ситни радости во малубројното опкружување на искрени пријатели, безлична но импозантна маса на

[9] Ibid, стр.263

млади кои наоѓаа и наоѓаат свој застапник во Ками, несомненото уметничко и мисловно дозревање и тогаш неделен излет на југ, враќање назад и катастрофа“.[10]

Неговото дело останува како траен доказ за постоењето на една таква величина во литературниот и филозофски свет, која остави непроценливи видувања за светот кој доаѓа и кој во многу нешта е онаков како што Ками ни го даде низ своето творештво: „Албер Ками со своето магистрално книжевно творештво веќе ѝ припаѓа на легендата. Малку книжевни дела толку брзо и толку успешно му се наложија на целиот свет, на различните култури, како што тоа се случи со делата на Албер Ками. Во разгорот на Втората светска војна, со својот роман „Туѓинецот“, Ками ја откри најуверливата естетска експресија на големата „болка на XX век“ (Le mal du XX – ieme siecle), извишувајќи го својот книжевен монумент со актуелно и универзално значење. Велиме актуелно значење зашто Ками успеваше да го предочи човековиот живот нагризуван од страдања и насилства, без притоа да биде моќен да ги открие причините и целите; велиме универзално значење затоа што драмата на векот ја изрази во една романескна структура, на едноставен и природен јазик, со универзални референци“.[11]

---

[10] Ivo Hergešič. *“Albert Camus i današnjica”*- Predgovor. Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga prva,* Zagreb: Zora, 1976, стр.32

[11] Луан Старова. “*Првиот човек* на *Албер Ками”*-Поговор. Албер, Ками. *Првиот човек.* Прев. Благоја Велковски-Краш, Скопје: Зумпрес, 1995, стр.269

## 2. Егзистенцијалист или апсурдист

Кога првично се разработува филозофската мисла на Ками, неминовно се одделуваат две прашања, чиј одговор ќе ја даде основната насока по која се движи неговото дело. Одговорот на тие прашања ја дава смислата на Камиевата филозофија, како и нејзината архитектоника. Инспирацијата за апсурдното сфаќање на животот и потребата тоа да се надмине, Ками го добива уште додека ја пишувал својата дипломска теза за свети Августин. Во своето дело „Исповеди " (кое се состои од 13 книги), Августин ја промовира идејата на поврзување помеѓу Бога и остатокот од светот. Ками се идентификува со идејата дека лично искуство би можело да стане референтна точка за неговите филозофски и книжевни дела. Таа точка претставува обид да се сврти вниманието на човештвото, не кон светот кој е бескруполозен и зол, туку кон човекот како единка и кон можноста да биде подобар. Злото за Ками не е метафизичка категорија, туку е производ на човекот и човекот е единствениот кој тоа зло може да го спречи и надмине. Кон овој правец Ками се движи инспириран од Августин, за кого вели: „Свети Августин е единствениот христијански дух кој го гледал проблемот на злото во лик“.[12] Оваа линија на размислување претстави коперникански пресврт во поимањето на човековата егзистенција, каде можноста за спасение на човекот од неговата апсурдна судбина се најде во рацете на самиот човек, а ова стана главна тема во дефинирањето на идејата за апсурдот во Камиевите дела.

Камиевото сфаќање на апсурдот како на значаен егзистенцијален проблем, во кое тој станува примарен филозофски проблем, го согледува и Венко Андоновски, кој во поговорот на „Митот за Сизиф“ ќе напише: „Станува збор за едно сфаќање на апсурдот не во вообичаената смисла на зборот, ами за една состојба на модерниот човек, за сензибилитетот. Кај Ками апсурдот не е состојба на свеста ( во гносеолошка,

[12] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga* sedma. Zagreb: Zora, 1976, стр.289

а не во психолошка смисла), која настанува во меѓусебен контакт на човекот на модерната епоха и модерниот свет“.[13]

Затоа човекот во делото на Ками се персонализира само преку спротивставување на светот во кој авторот не гледа никакво божество, ниту натприродна сила. Затоа Камиевиот човек е рамноправен со светот околу него, а силата на отпорот ја пронаоѓа во самиот себе. Тој отпор ја претставува величината на човекот која сака да ни ја прикаже авторот, отпор на едно навидум мало суштество, но суштество кое поседува моќ овој свет да го направи подобро место за живеење.

[13] Венко Андоновски. „*Сизиф со или без камен*“-Поговор. Ками, Албер. *Митот за Сизиф.* Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.147

## 2.1.Дали е Ками егзистенцијалист?

Честопати името на Ками се поврзува со егзистенцијалистичката филозофија, а особено онаа на Жан-Пол Сартр и на Мерис Мерло-Понти. Неговото дело опфаќа многу теми на егзистенцијализмот, а исто така и многу прашања кај Ками во себе содржат егзистенцијалистичка конотација. Сепак, тој исто како и Киркегор, Ниче и Хајдегер, не се смета себеси за егзистенцијалист. Затоа на прашањето дали е егзистенцијалист, тој вели дека исто како и Сартр се чуди на нивното поврзување и затоа било големо олеснување кога се запознале и кога увиделе колку се различни. Ками смета дека единствената негова книга со идеи е „Митот за Сизиф", но него го издава за да го определи цврсто својот став против филозофите егзистенцијалисти. Ками вели дека егзистенцијализмот својата основна грешка ја презема од хегелијанството и човекот го сведува на историја, но со таа разлика што му ја остава слободата.

Слободата на избор е онаа што според Сартр човекот го прави човек. Од изборот зависат нашата среќа или несреќа, успех или неуспех. Човекот не може а да не избира, вели Сартр. Ако одлучи да не избира, тогаш повторно прави избор, но овој избор е губитнички начин да се егзистира. Можноста за избор го прави човекот осамен, па затоа Сартр ќе рече: „Јас живеам сам, наполно сам".[14] Егзистенцијалистичката проблематика е поставена на грешна основа, а Бог е фундаментот врз кој се поставува човекот, неговиот живот и моралните норми според кои тој треба да се однесува: „Никаде не е запишано дека Бог постои, дека мора да бидеме чесни, дека не смееме да лажеме; затоа што е факт дека ние се наоѓаме на

[14] Сартр, Жан-Пол. *Тегобност.* Скопје: Култура, 1966, стр.17

ниво на коешто постои само човекот. Достоевски рече: Ако Бог не би постоел, сé би било можно. Ова е појдовната точка на егзистенцијализмот".[15]

Егзистенцијалистичката проблематика кај нас ја разработува Иванчо Атанасовски, кој дава свое видување на тоа што е човекот, гледано низ егзистенцијалистичката диоптрија: „Човекот е фрлен во бескрајното море на бесмисленото, безрадосно, мачно и глуво постоење. Тој треба и мора да ги издржи искушенијата - ниту малку наивни, едноставни и безопасни - кои ги наметнува таквиот живот; да го издржи речиси неиздржливиот притисок од сите појави и други луѓе. Сето тоа и многу повеќе треба да се издржи за да се стане и биде човек".[16] Неговиот обид е да го прикаже главниот јунак во „Странецот" низ сопствена призма, сосема спротивно од тенденцијата на Ками: „Чувството на сигурност и одважност, за него непознато и изненадувачко, ја исполнува неговата душа; чувство толку спротивно на неговата рамнодушност, духовен грч, страв од вистинскиот живот, постојано бегање и ескивирање на вистинскиот живот."[17] Јас не се согласувам со оваа констатација во целост, од причина што Ками ни го дава Мерсо незаинтересиран и индиферентен само кон моралните закони, а вистинскиот живот, животот надвор од моралот, тој го живее со полн здив. Мерсо не се одрекува од сопствената вистина дури ни по цена на сопствениот животот и таа вистина е чувството на сигурност кое го добива во последните мигови. Ова чувство на сигурност нема никаква врска со Бог или со моралните норми на заедницата, туку е израз на внатрешната сигурност и пронаоѓање на сопствената смисла во себе. Таа сигурност е апелот кој Ками го праќа до човекот, со цел тој да истрае во светот во кој сé е конечно.

Кон прилог на неговото тврдење дека тој не се гледа себеси како егзистенцијалист, е следната реченица со која Ками го објаснува егзистенцијализмот: „Јас гледам уште еднаш дека егзистенцијалната мисла, спротивно на општото мнение, е создадена од

[15] Sartre, Jean-Paul. Existentialism and human emotions. New York: Philosophical library, 1957, p.46
[16] Атанасовски, Иванчо. *Магијата на егзистенцијализмот*. Скопје: Метафорум, 1994, стр.12
[17] Ibid, стр.118

неизмерна надеж, онаа истата која со примитивното христијанство и со објавување на Христовото раѓање го возбуди стариот свет. Но како во овој скок кој ја карактеризира секоја егзистенцијална мисла, во таа упорност и во тоа истражување на едно невидливо божество, да не се види обележјето на една свест која не прифаќа? Се настојува да се рече дека тоа е само една гордост која се измолкнува за да се спаси себеси“.[18]

[18] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.142

## 2.2. Дали е Ками филозоф на апсурдот?

Кога станува збор за апсурдот, Ками него го прикажува на два начина. Првиот начин на прикажување на апсурдот е преку неговата уметничка и литературна експликација, врз чија основа е настанат романот „Странецот“. Тој претставува едно прикажување на светот, онаков како што го гледа авторот. Вториот дел на експликацијата на апсурдот е всушност неговата филозофска содржина, која е прикажана преку „Митот за Сизиф“. „Митот за Сизиф“ толку силно и величествено ни го прикажува човекот и неговата исконска потреба за опстанок, без разлика на тоа што светот е ирационален и нечувствителен за човекот.

Во врска со апсурдот прикажан во делото на Ками, Коле Јовановски ќе рече: „Свеста за апсурдот произлегува од ненадминливоста на следнава човекова есенцијална биднувачка противречност: стремежот за неограничено траење и автокогницијата за неминовната конечност, желбата за рационален смисловен свет и искуството за неговата ирационалност - бесмисленост, двократната свест - самосвест за неговата желба за траење и неговата смртна судбина“.[19]

За зборот апсурд Ками е на став дека има несреќна историја и дека веќе по „Митот за Сизиф“, дури и го нервира. Тој во „Митот“ е во потрага по метод и ги редуцира проблемите кои го интересираат на два основни факти. Првиот факт е дека човекот очекува и се надева да најде некое значење на светот, а вториот факт е дека какво и да е значењето на светот, тоа е скриено од човекот и тој не може да дојде до него. Ова ја поддржува и основата на оваа теза дека човекот се гради како резултат на тој судир меѓу него и светот.

[19] Јовановски, Коле. „*Апорискaта онтичка архитектоника на Камиевиот хомоапсурдус“ Филозофија(филозофско списание) 12*. Скопје: Аз-Буки, 2004, стр.31

Овде од големо значење е да се напомене дека Ками не го негира постоењето на Бог и на некоја крајна цел на сé што постои, туку вели дека не постои начин да се одговори на тие прашања. За него апсурдот е релацијата меѓу двата основни факти, а апсурдно е тоа што човекот очекува светот да има значење сам по себе. Светот добива значење само тогаш кога е во врска со човекот и затоа Ками резонира дека апсурдот е всушност единствената врска меѓу човекот и светот.

Оваа теза за непремостивост на врската меѓу човекот и светот ја експлицира и Јовановски на овој начин: „Ками се придржувал кон појдовната, за него најевидентна вистина, според која конфликтот меѓу човекот и светот (кој го условува доживувањето на апсурдот) се наоѓа иманентно, кодовски регистриран во човековата свест. Апсурдот е определена состојба на свеста за човековата судбина. Таа свест бара човекот да извлече заклучоци од апсурдот".[20]

Камиевото разбирање за апсурдот предизвикува дебати до денешен ден и нé примамува да размислуваме за него. Концептите како што се соработката, заедничкиот напор и солидарноста се од клучна важност за Ками. Ако ништо не би имало смисла, ќе имаш право. Но, постои нешто што се уште има смисла, има што да се каже за него, ќе рече авторот во неговата „Втора порака до германскиот пријател".

[20] Ibid, стр.33

# 3. Основните претпоставки на апсурдот

*Нема љубов кон животот, без*
*очај заради животот.*

Ками

Според Ками, во светот на филозофијата постојат многу прашања од коишто секое кореспондира со сопствена тежина, но круцијално прашање сепак е прашањето дали вреди да се живее и дали животот има некоја смисла. Кога ќе се постави ова прашање во фокусот на нештата, сите други прашања стануваат бледи - избледнуваат и се поместуваат за понатамошен одговор. Кога ќе се одговори на ова прашање, другите прашања се само аспект на гледање на нештата. Според авторот, сé започнува од мислата, која како црв го јаде човекот одвнатре и која ќе го натера или да се покае или да умре: „Да почнеш да мислиш, значи да стануваш разнишан. Во тие почетоци човештвото не учествува многу. Црвот е во човечкото срце. Таму треба да се бара. Би требало да се сведе таа катастрофална игра што од луцидноста, соочена со животот, води до бегство надвор од разумот“.[21]

Меѓутоа, за Ками самоубиството не претставува чисто социолошки феномен, општествените фактори тука играат секундарна улога, додека примарната улога ја игра субјектот, односно тоа е личен однос меѓу човекот и чинот: „ Отсекогаш за самоубиството се расправало само како за општествен феномен. Напротив, овде станува збор за односот меѓу индивидуалната мисла и самоубиството. Таков чин како овој се подготвува во тишината на срцето како некое големо дело. Ни самиот човек за

[21] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.14

него не знае. Една вечер, тој стрела или се дави“.[22] Чинот на самоубиството не е ништо друго, туку само признание дека животот, неговата смисла го имаат надминато човекот, дека тој не ги сфаќа, па оттаму како крајна се јавува потребата да се признае тоа - да се умре.

На човекот му е многу полесно да живее во илузии, во свет кој му е јасен, познат, па макар бил и најлошото место. Тежината и мачнината се јавува од непознатото, тогаш човекот се чувствува како странец во сопствениот свет. Во тој свет, човекот се обидува да ја дофати смислата на животот, бара логика во своето живеење. Како резултат на тоа се јавува чувството на апсурдност, се раѓа еден сосема нов свет на апсурдот, кој ненадејно и одеднаш го обзема човекот комплетно.

Една од причините за јавувањето на овие чувства, Ками ги гледа во секојдневните активности на човекот кои се нижат како еднобојни акорди, каде секој ден е сличен на претходниот, а тој ист како наредниот. Главното отрезнување доаѓа со уморот, тоа будење од сонот, како во сказните, каде ништо не се изменило по толку време. Тоа отрезнување за Ками не е ништо друго, туку крај на несвесното живеење, влегување во региите на свеста, но крајниот резултат е или повторно враќање на старите позиции, или комплетно освестување.

Ками многу јасно укажува дека човекот е толку многу напрегнат во планирањето на својата иднина, што дури заборава да ја живее сегашноста и го одложува животот. Човекот многу често мечтае за денешниот, утрешниот, денот по него, сé до еден момент кога сфаќа дека се наоѓа во самото време, кое немилосрдно поминува и кое станува неговиот најголем непријател. Тогаш утрото кое претходно со радост го чекал, станува утро на мачнина, кон него чувствува одбивност, затоа што секое утро го носи сé поизвесно до „крајот“.

[22] Ibid, стр.14

Во однос на животот и неговиот нормален тек, во кој сите луѓе живеат како да не знаат дека ќе умрат, Ками одговара во стилот на Продик: „Најпосле доаѓаме до смртта и чувствата што за неа ги имаме. За тоа е речено веќе сé и треба да се вардиме од патетика. Сепак не можеме доволно да се начудиме дека сите луѓе живеат како никој „да не знае“. Имено, тоа е заради тоа што се нема искуство со смртта. Во вистинска смисла на зборот, истражено е само она што е доживеано и осмислено“.[23] За Ками целокупното знаење кое е усвоено од страна на човекот за светот околу него, почнувајќи од првите филозофи, па сé до негово време е недоволно тој свет да се чувствува како свој.

Затоа човекот и покрај целокупната наука создадена од него, и покрај одговорите за многу прашања поврзани со светот, па макар биле и хипотези, се чувствува отуѓен од светот и од себе, а спокојството на животот го наоѓа надвор од животот. Затоа Ками заклучува дека светот не е разумен, но дека апсурдот зависи и од светот и од човекот и дека тој ја претставува врската на човекот со светот: „Од моментот кога е признат, апсурдот е страст најтажна од сите. Меѓутоа, да се знае дали може да се живее со своите страсти, да се знае дали може да се прифати нивниот внатрешен закон, а тој е да се запали срцето кое истовремено, тие го величаат - ете го целото прашање“.[24] Овде Ками се обидува да одговори на прашањето: Дали откако апсурдот е утврден, може да се живее со него?

[23] Ibid, стр.24
[24] Ibid, стр.30

## 3.1. Лоцирањето на апсурдот

*Човекот се определува себеси целиот свој живот.*
*Да се запознаеме себеси совршено,*
*значи да умреме.*

Ками

За да одговори на ова прашање и да го објасни, Ками нé води кон две спротивставени тенденции: рационализмот и ирационализмот. Тој смета дека денес, како никогаш досега во историјата на човештвото, не постоел толкав напад над рационалното. Затоа тој сака да прикаже една заедничка нота кај филозофите кои се обидуваат да го негираат рационалното.

За Ками, Хајдегер е само нем набљудувач на човековата егзистенција, кој само констатира дека таа егзистенција го понижува човекот. Според него, двете најважни прашања на филозофијата се прашањето за суштествувањето и прашањето за битието. Првото прашање е она на кое му се обрнува најголемо внимание во целокупната историја на филозофијата на сметка на второто, кое за Хајдегер е есенцијално и чија содржина се обидува да ја протурка. Ками му замерува на Хајдегер заради форсирањето на значењето на човековата егзистенција над самиот човек и заради заклучокот дека светот нема што повеќе да му даде на човекот.

Според Ками, Јасперс знае дека смртта е крај на духот на човекот, дека сознанието е невозможно и дека единствено што му преостанува на човекот е да го најде патот кон божествените тајни.

Шестов, пак, од своја стана упорно се обидува да докаже дека рационалното секогаш е во судир со ирационалните мисли.

Берѓаев исто така доаѓа до судирот на човекот и светот, но кај него светот е Бог. За Берѓаев, проблемот на денешницата не е проблемот на Бог, туку проблемот на човекот. Според него, проблемот на Бог е вечен проблем и тој отсекогаш бил актуелен: „Ако има Бог, тогаш тој мора да пронајде начин по кој човекот би осознал за неговото постоење. Тој се открива себеси во зборот, кој е познат како Светиот запис, но не само во тоа. Божјото откровение пред светот и човекот, зазема многу форми и секој друг начин на гледање на работите е нечовечен“.[25] Проблемот на денешницата е проблемот на човекот и неговиот можен спас од дезинтеграција, на човековата судбина во светот, како и на човековите одлуки за основните општествени и културни прашања. Според Берѓаев луѓето во современото општество се свртија од Бог, но со ова тие не се определија да се сомневаат во неговата вредност и постоење, туку во сопствената. Затоа Берѓаев смета дека човекот не може да издржи без Бог, тоа е крајната идеја на реалноста конструирана од човекот. Спротивно, пак, на ова е дека човекот е крајната идеја на Бог и оттука тие се врзани засекогаш заедно, а христијанството е онаа инстанца која доаѓа до решението на односот меѓу човекот и Бог. Голем проблем за Берѓаев  исто така е и човековиот спас. Човекот е жеден да биде спасен, но во исто време тој по природа е создавач, креатор на живот, што создава еден вид на антиномија дали христијанството е религија за спас на душата на човекот, или е креативност на повисок живот, оправдана од христијанската свест.

Кафка е писателот кој, според Ками, тера на препрочитување, а со тоа и на ново толкување на мислата. Делото на Кафка блика со сета онаа силна надеж, слична како кај Киркегор, а авторот паѓа во прегратките на Господ и на натприродните сили кои ќе го спасат. Излезот на Кафка е оној истиот како кај Киркегор, а неговите јунаци го следат патот кон спасот. Затоа Ками ќе каже: „Во секој случај, необично е дела со

[25] Berdyaev, Nikolas. *Truth and revelation*. London: Geoffrey bles, 1953, p.68

слична инспирација, како оние на Кафка, на Киркегор или на Шестов, кусо речено делата на егзистенцијалистичките романсиери и филозофи кои сосема се свртени кон апсурдот и неговите последици, на крајот да завршат во тој огромен врисок на надежта. Тие го прегрнуваат Господ кој ги измачува. Надежта се воведува со понизност, бидејќи и апсурдот на оваа егзистенција уште повеќе ги уверува во постоењето на натприродното. Ако патот на овој живот завршува во Господ, тогаш значи постои излез. А истрајноста и упорноста со кои Киркегор, Шестов и јунаците на Кафка ги повторуваат своите патишта се необичен гарант со занесна сила на таа сигурност".[26] Затоа Ками е на став дека делото на Кафка не е дело на апсурдот, но е универзално во својата религиозна инспирација, затоа што Кафка своите јунаци ги ослободува од секаква лична одговорност за тежината на сопствениот живот.

Киркегор за Ками е најинтересниот филозоф за истражување на апсурдот, затоа што тој не само што го открива, туку и лично го доживува: „Овој живот е толку темелно, толку ужасно извртен, што тоа не може да се издржи".[27] Тој гради став дека ниедна вистина не е апсолутна и затоа не може да ја задоволи егзистенцијата. Според Ками, Киркегор ги отфрла сите принципи на утехата и моралот и нема намера да ја ублажи болката која ја чувствува и каде што апсурдниот дух е во борба со реалноста: „Ако е единствено возможно човекот да може да посака само една работа, тогаш тој мора да го посака Бог, а ако е можно да посака само една вистина, тогаш тоа мора да е Божјата вистина".[28]

Хусерл, негирајќи ја трансценденталната моќ на разумот, ги менува принципите на мислењето. Затоа мислењето според него е нов начин на внимателно гледање на нештата, управување на свеста. Ками му забележува на Хусерл дека иако тргнува со попозитивен став од Киркегор, тој сепак го негира разумот до извесна смисла,

[26] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.141
[27] Kjerkegor, Seren. *Ili-Ili*. Beograd: Grafos,1989, str.26
[28] Kjerkegor, Seren. *Purity of the heart.* New York: Harper @ brothers publishers, 1948, p. 15

отворајќи интуитивно гледање на појавите, што во крајна мера е нечовечко и безнадежно.

Апсурдот, еднаш сфатен и дефиниран како чувство, е во постојано движење, чиј краен резултат е или смрт или помирување. Прашањето на Ками во врска со апсурдниот живот е дали треба да се излезе или да се остане во тој живот. Но ако се остане зошто се останува, а ако се излезе, зошто се излегува? Така Ками доаѓа до проблемот на самоубиството, кое претставува можност за избор.

Завршувајќи со квантитативната анализа на апсурдот, Ками преминува на квалитативната анализа, која го води до заклучокот дека апсурдното чувство се јавува при неусогласувањето на намерата и реалноста. Тоа е противречноста која се јавува во одредена ситуација кога човекот очекувајќи една ситуација, добива друга, спротивна, нелогична, ситуација која е надвор од здравиот разум.

Ками го препознава апсурдот како раздвоеност меѓу намерата и фактичката ситуација и тој настанува со нивното спротивставување. Затоа за него апсурдот не се наоѓа во човекот, ниту во светот, туку апсурдот ја чини врската меѓу човекот и светот. Не можејќи да постои надвор од човекот, со неговата смрт умира и апсурдот.

Затоа Ками борбата со апсурдот ја нарекува соочување и неуморна борба, но ако на неа се гледа апсурдно, таа борба е бесмислена, тоа е борба на постојано одбивање и отсуство на каква било надеж. Затоа тој препорачува дека апсурдот ја има својата смисла само тогаш кога ќе биде прифатен. Како и секоја вистина, така и апсурдот ако е прифатен, станува вечен придружник на човекот, а човекот без надеж веќе не ѝ припаѓа на иднината.

Втората страна на изборот е останувањето во живот, кое претпоставува бегство од апсурдот, што Ками го гледа преку егзистенцијалните филозофии кои самите на свој начин го предлагаат бегството. Егзистенцијалните филозофии за Ками нудат скок од апсурдот, но тој скок е ирационален. Најјасно од сите егзистенцијалисти, скокот во

ирационалното се забележува кај Киркегор. Скокот на Киркегор Ками го гледа во враќањето на христијанството од кое Киркегор многу се плашел. Препрочитувајќи го повторно апсурдот, Ками сака да го илустрира методот на Киркегор.

За Сартр човекот е суштество на егзистенцијата, која се открива само како единечна и неповторлива. Според него Бог не постои, па затоа човекот е оставен на самиот себе, нема вечен концепт, сé е поединечна егзистенција: „Ако е општоприфатен ставот дека Бог не постои, тогаш има барем едно суштество на кое егзистенцијата му претходи на есенцијата, суштество кое егзистира пред да биде определено од каков било концепт, тогаш тоа суштество е човекот“.[29]

[29] Sartre, Jean-Paul. *Existentialism and human emotions.* New York: Philosophical library, 1957, p.15

### 3.1.1. Ирационалното бегство

За разлика од Ками, кај кого чувството на апсурдност произлегува од врската меѓу човекот и светот, кај Киркегор нема рамнотежа меѓу овие два сегмента. Секое напрегање на Киркегор за бегство од ирационалното, го враќа назад на истото, секој обид кон тоа е безначаен. Тој на својот Бог му ги дава карактеристиките на самиот апсурд и тој за него е неправичен, недоследен и несфатлив: „Киркегор сака да се излечи. Да се излекува, тоа е неговата луда желба што одекнува во целиот негов дневник. Сиот напор на неговиот ум е да е да ѝ се измолкне на антиномијата на човечкиот живот. Колку што напорот е побезнадежен, толку позабележливо е неговото празнење. Неговиот интелект се обидуваше сам во него да го пригуши внатрешното барање на човековото срце. Бидејќи ништо не е докажано, сѐ може да биде докажано“.[30]

Ками остро му забележува на Киркегор за жртвување на интелигенцијата на човекот во сфаќањето на светот и за релативизирање на разумот и негово потчинување на ирационалните догми. За него, Киркегор бега од вистината и наместо да живее со вистината, па макар била и најлошата, тој живее со илузиите, во она што тој го нарекува очај: „Да се живее во сеќавање, тоа е најцелосниот живот кој може да се замисли, сеќавањето заситува побогато од стварноста и сигурно е - како што тоа не е ниту една стварност“.[31] За Ками ваквата егзистенција не е ништо друго, туку филозофско самоубиство, велејќи дека за егзистенцијалните филозофи, негацијата е нивниот Бог. Затоа тој апсурдот го дефинира како состојба на грев, кој оддалечува од Бог. Оваа негација Ками ја сфаќа како негација на човечката интелигенција, негација на човековиот разум. Животот е состојба на темнина и незнаење, но токму тие се

[30]Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.45
[31] Kjerkegor, Seren. *Ili-Ili*. Beograd: Grafos,1989, str.33

чинители на животот, причини за човековото постоење, а од нив произлегуваат светлината и знаењето. Ирационалното бегство е бегство од вистината, тоа е живот во илузија, навреда за човековата интелигенција. Затоа овој вид на скок од апсурдната судбина, стремеж кон вечното, Ками го нарекува филозофско самоубиство

## 3.1.2. Рационалното бегство

Од другата страна како што веќе напоменавме, сосема спротивно од ирационалното, стои рационалното како тенденција на објаснување на апсурдот. Овде тенденцијата на Ками не е да го потцени разумот и да го сведе на крајна дистинкција како ирационалното. Тој не ја крие својата наклонетост кон рационалното гледање на светот и човекот, но се противи на апсолутна рационализација и позиција на панлогизам за светот. Затоа ја истражува интенцијата кај Хусерл, за кого смета дека ја негира најосновната карактеристика на разумот, карактеристиката да мисли. Феноменологијата не се обидува да го толкува светот, туку само дава опис на она што е доживеано. Свеста за Хусерл, вели Ками, е само мноштво од слики под несоодветно светло и како таква таа не создава предмети на познание, не содржи никаква идеја и никаков суд за нештата, што е основата на разумот. Затоа, за да се дојде до рационално толкување на вистината, ако сакаме да ја сфатиме суштината на познанието, тогаш треба на свеста да ѝ се врати емпириското толкување: „Не постои веќе единствена идеја која објаснува сѐ, туку бескрајни суштини што им даваат смисла на безбројните предмети. Светот се умртвува, но и осветлува. Платонскиот реализам станува интуитивен, но тоа сѐ уште е реализам. Киркегор се нурна во својот Господ, а Параменид ја турна мислата во Едно. Но овде мислата се фрла во апстрактен политеизам.“[32] Сметајќи ја вистината како категорија која е апсолутна, вистинита, идентична самата на себе, а во исто време негирајќи ја моќта на разумот, Хусерл претендира да го објасни светот со вечниот разум.

Филозофиите на Киркегор и Хусерл, иако дијаметрално спротивни, според Ками тргнуваат од еден ист принцип. Вечниот разум и ирационалното тргнуваат од исто безредие и во него само се одржуваат. Затоа, смета Ками, апсурдот не треба да се

[32] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.50

укине или да се скокне од него како што би сакале Киркегор и Хусерл, туку тој претставува желба да се знае и е лишен од секаква проповед. Да продолжиш да живееш, да се одржиш во животот - тоа е најзначајно од сé, а се друго е изговор. Скокот на Киркегор од апсурдот кон ирационалното е смртта, скок кој Ками го одбива, велејќи дека пропаста (животот) која води до скокот е убавиот миг кој вреди да се доживее. Со ова Ками јасно, антрополошки аргументирано застанува на страната на животот, ставајќи до знаење дека не постои бегство од апсурдот, туку дека тој треба да се живее. Затоа тој ќе ја промовира идејата дека животот е конечен и сите мора да умрат, но тоа треба да биде нивната смрт.

## 3.1.3 Надежта како бегство

Бегството од апсурдот Ками го гледа и преку надежта во делата на некои филозофи, а особено во оние на Франц Кафка. Главните ликови се проектирани од сопствена гледна точка на авторот и во нив Ками го препознава самиот Кафка. Делата го претставуваат човекот во неговиот секојдневен живот исполнет со обврски и случувања, состојба на траење, каде ништо не се завршува и каде сé почнува одново и одново. Во ова талкање на човекот кое го прикажува Кафка, Ками ја препознава човековата потрага по вечното.

Во таа потрага, човекот се претвора во суштество на промените и се обидува да ги одгатне сите тајни кои светот ги сокрил од него: „Но тоа е исто така дело на она неизмерно чудење што се јавува во човекот кога ќе го почувствува животното во кое лесно се преобразува. Врз таа темелна двосмисленост почива тајната на Кафка. Тоа постојано балансирање меѓу природното и необичното, единката и универзалното, трагичното и секојдневното, апсурдното и логичното го среќаваме во целокупното негово дело и тие истовремено му ја даваат својата резонанција и своето значење“.[33]

Трагедијата на човековиот живот Кафка ја изразува преку секојдневието, а според Ками, човекот го сфаќа како судбински трагично само она што лично го измачува. Перцепцијата на нештата кај човекот е така создадена, да тој, она што му изгледа трагично во животот, го припишува на неговата судбина, додека, пак, среќните моменти ги разбира како сопствена заслуга. Упорноста на јунаците на Кафка во потрагата по изгубениот рај е онаа надеж која Ками ја препознава во неговите дела. Колку животот на човекот е потрагичен, толку надежта станува поприсутна. Во овој однос кон надежта, но не обична, надеж во секојдневниот живот, туку надеж кон вечното, Ками го гледа скокот на Кафка кон Киркегор. Затоа Ками смета дека делата

[33] Ibid, стр.135

на егзистенцијалистичките филозофи и писатели, иако свртени и посветени на апсурдот, како излезна ситуација ја земаат надежта кон натприродното како единствен излез од апсурдот: „Доаѓа моментот кога човештвото не се смета за трагично: тоа се смета само за сериозно. Човекот тогаш се занимава со надежта. Но тоа не е негова работа. Неговата работа е да се одрекне од изговор. А него значи јас го пронаоѓам на крајот на жестокиот процес што Кафка го води против целиот свет. Неговата неверојатна пресуда на крајот го ослободува овој грд и вознемирен свет, во кого дури и кртовите ријат со надеж“.[34]

[34] Ibid, стр.145

## 3.2. Апсурдот и моралот

*Човекот не би можел да живее ако е лишен од она што е грешно,*

*но би живеел и предобро, ако е лишен од она што е свето.*

Ками

Во потрагата по моралот во делото на Ками, неизбежно е да се спомне името и делото на филозофот кој се јави како еден од најголемите критичари на моралот и кој се обиде да ги превреднува сите вредности. Ками и Ниче не се двајца филозофи кои може да се споменат во еден здив, но нивниот поглед кон моралот има некои заеднички допирни точки. Во едно од своите дела, „Генеалогија на моралот“, Ниче вели дека моралот толку многу се променил и затоа тој сака да го преиспита, со тоа што ќе се врати на основните прашања за Бог и за злото. Ками се движи по слична патека со Ниче, со таа разлика што неговата основна грижа не е потеклото на моралните прашања, туку развојот што следи од нив, преточен преку слободата и правото на револт. Двајцата автори сметаат дека сé што е апсурдно и надвор од нормалните граници е својствено само за светот на човекот, но тоа се користи како изговор потоа човекот да биде подјармен и контролиран: „Животното од стадото само по себе е лишено од сé што е нездраво, но бидејќи е неспособно самото себе да се води, потребен му е пастир, а ова го сфаќаат свештениците“.[35]

Камиевото дело реферира неколку забелешки слични на оние на Ниче и на неговиот нихилизам, како концепт на негација на сите вредности. Ками го рефлектира Ничевиот морал тогаш кога го поставува Бог како морална инстанца. Двајцата автори тргнуваат од слични погледи за Бог како конструиран поим,

[35] Ниче, Фридрих. *Волја за моќ.* Прев. Ѓорѓи Мишков. Скопје: Ѓурѓа, 2008. стр. 5

именувана апстракција, возвишена инстанца која определува што е морално исправно, а што не: „Ако постои Бог, тогаш тој од пристојност би се прикажувал пред светот единствено како човек“.[36] Ниче вели дека кога човекот ќе се покори на Бог како морален судија, тогаш тој го убива во сопственото срце. Па оттука се прашува - која е основата на моралот? Бог е негиран во името на правдата, но може ли идејата за правдата да се разбере без идејата за Бог. Одговорноста на луѓето во општеството за различни теми резултира со револт, кој Ниче ќе се обиде да го реши со неговиот „натчовек“, а тоа е личност која е доволно супериорна за да ја надмине својата природа на вина, желби и љубомора. Овој нов човек во себе не носи чувства на одговорност, затоа што не се грижи за ништо што е надвор од неговата визија.

На прв поглед ова изгледа како да е сосема различно од Ками и од неговата идеја за одговорност. Целта на Камиевиот револт е да го надмине апсурдот, но не со тоа што ќе му се спротивстави, туку со тоа што ќе го прифати (Сизиф). Ками се прашува дали луѓето можат да го разберат апсурдот сами, без авторитетот на Бог. Со тргање настрана на овој авторитет, човекот е оставен сам со апсурдот. Според Ками, Ниче е во конфликт со овој став, од каде што потекнува и неговото прогласување на Бог за мртов. Според Ниче, нихилизмот започнува со песимизам, со мешавина на гадење, носталгија и нервоза. Затоа создавањето идеали претставува разочарување за човекот, тоа е фикција на еден свет кој не одговара на човековите желби, и со тоа станува туѓ и студен за човекот: „Човекот се залажува кога од некој идеал очекува напредок, победата на идеалот досега била само чекор назад“.[37]

Заедничкото на револтот и нихилизмот е тоа што и двата концепти се потпираат на слободата на умот. Затоа слободата на умот, слободата на одлучување или слободата како универзалија е точката во која може да се поврзат делата на Ниче и Ками. Идејата на Ниче за слободата е да се надмине одговорноста и да се живее надвор од

[36] Ibid. стр. 17
[37] Ibid. стр. 112

дионисиската животна сила, додека идејата на Ками за слободата започнува во оној момент кога ќе се искуси горчината. Ками ја застапува тезата дека колку животот на човекот е позанесен, толку поапсурдна станува идејата за неговото губење. Така тој доаѓа до „тајната“ на делото на Ниче: „Подобро ќе се разбере начинот на гледање ако речам дека вистински безнадежната мисла се дефинира токму според спротивните мерила и дека трагично дело би можело да биде она кое го опишува животот на среќниот човек кога целокупната идна надеж е прогонета. Можеби овде е тајната на она гордо студенило со кое дише делото на Ниче. Во таа последователност на идеи се чини дека Ниче е единствениот уметник кој од една естетика на апсурдот извлекол тајни заклучоци, со оглед на тоа дека неговата последна порака почива во бесплодната освојувачка свест и во тврдоглавото негирање на секоја натприродна утеха“.[38]

Одговорноста е пресликана во повеќето ликови од делата на Ками. Овде негативната смисла на одговорноста на Ниче се претвора во позитивна одговорност на Ками во оној момент кога личностите ќе ја прифатат сопствената судбина како лична, а не како колективна.

Вториот филозоф, кого некои тенденции го вбројуваат како егзистенцијалист заедно со Ками, е Сартр. За разлика од Ками, Сартр го негира постоењето на општиот морал и сета морална одговорност ја пренесува на слободниот човек. Кај Ками моралните вредности постојат и тие се суштински за човекот, затоа што револтот е само производ и причина произлезена од некоја вредност. Сартр, пак, од своја страна дава дозвола за сопствена промоција на моралните вредности на секоја слободна единка.

На оваа тенденција, еден од проучувачите на делото на Ками, Ковач, ќе рече: „Помеѓу Сартровиот проект свртен кон иднината и Камиевиот конзервативен

[38] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.143

хуманизам, очигледно е дека не постојат основи за какво било доведување на нивните гледишта во меѓусебна врска. Во прашање се два сосема различни концепти на човековата морална и егзистенцијална положба“.[39]

Со оваа констатација не се сложувам во целост, затоа што човекот кај Ками го препознаваме преку неговиот однос со светот. Ако, сартровски кажано, секој човек стипулира сопствен морал, тогаш конфликтот на човекот и светот (читај апсурд), ќе биде конфликт со самиот себе. Разликата е во тоа што под светот Ками го разбира воспоставениот граѓански морал, против чиј револт човекот се самореализира.

[39]Kovač, Nikola. *Sukob bića i ideala.* Sarajevo: Svjetlost, 1975, стр. 153-4

## 3.3. Ликовите носители на апсурдното творештво

*Не треба да се срамиме од среќата.*
*Но денеска слабоумникот е крал,*
*а слабоумник го викам оној кој се плаши да ужива.*

Ками

Единствената можност, според Ками, човекот да ја сочува свеста е творештвото. Творештвото за него значи повторно живеење на нештата кои се веќе преживеани. Односот со светот човекот го гради во секој оној момент кога на хартија ќе ги стави чувствата кои ги носи за тој свет, затоа што тој е единствениот кој тоа може да го направи. Но тоа претставува и сведок за постоењето, една вистина отпечатена на хартија и сведок за она што е проживеано и на кое сме сведоци онолку пати, колку ќе ги свртиме страниците и ќе се навратиме: „Сите тие настојуваат да ја имитираат, повторуваат и повторно создаваат реалноста која им припаѓа. На крајот ние секогаш го примаме лицето на нашите вистини. Целата егзистенција на човекот кој не верува во вечноста е само прекумерен артизам под ликот на апсурдот. Творењето е голема пантомима“.[40]

Опишувањето на нештата и појавите во светот Ками ги разбира како тежнение на апсурдната мисла, емоција на човекот кон светот, која е предизвикана не од неговата длабока тајна, туку од неговата разновидност на нешта и појави. Уметничкото дело е сведок за постоењето на ваквиот свет и тоа претставува опис на сé, освен на она што е конкретно, затоа што не би имало потреба од уметност, ако светот е конкретен и

[40] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.100

јасен. Апсурдот е тој кој ја предизвикува уметноста, која понатаму ќе стане неговата утеха, нешто што го кажува Ниче, кој ја користи музиката за да не умре од вистината.

Но за Ками, најголем уметник на апсурдот, кој на апсурдниот свет му дал најголеми волшепства, е Достоевски. Тој не е писател на апсурдни дела, туку е промотор на идејата за решавање на апсурдот, третирајќи го и развивајќи го во своето творештво. Еден од главните ликови во делата на Достоевски, Иван Карамазов, Ками го портретира како личен пример на Достоевски, кому прашањето за постоењето на Бог му е главното прашање, преокупација и страдање во животот: „Еве дело каде што можеме во полумрак, што е појасен од светлината на денот, да ја разбереме борбата на човекот против своите надежи. Стигнувајќи до крајот, творецот избира да биде против своите личности. Таа противречност така ни дава можност да внесеме една нијанса. Овде не станува збор за апсурдно дело, туку за дело кое го поставува апсурдниот проблем“.[41]

[41] Ibid, стр.115

## 3.3.1. Апсурдниот странец

Во романот „Странецот", Ками нé запознава со животот на главниот јунак Мерсо преку повеќе димензии на неговиот живот: психичка, општествена и биолошка. Овде многу јасно може да го видиме судирот на човекот и светот, а исто така и внатрешната поделба во личноста на Мерсо. Мерсо е ситен чиновник кој присуствувал на погребот на својата мајка, без видливи знаци на жалост, потоа го продолжил својот едноличен живот со девојка кон која бил рамнодушен, се дружел со сосед кој имал проблематично однесување и убил човек - спрема мислењето на општеството и судот, без причина. На основа на целокупната ретроспектива на неговиот живот како монструм, антихрист, нечовек во најголема смисла на зборот, тој е осуден на смрт. Ками не го објаснува злосторството на Мерсо, туку само ги опишува околностите кои довеле до него. Од правна гледна точка делото може да се третира како убиство од невнимание или во самоодбрана. Мерсо е претставен само како сведок кој не е во можност да го измени текот на нештата, туку до него допира само сознанието дека ја нарушил рамнотежата на денот, спокојот на светот во кој бил среќен. Одбивајќи ја понудената помош на свештеникот за вечен живот, тој пред погубувањето ја сфаќа апсурдноста на животот и смртта. Ками ни го покажува Мерсо низ призмата на неговиот живот во кој настаните се здодевни и апатични. Тој е со пасивен дух, индиферентен по природа, најчесто молчалив, без своја оценка за состојбите, луѓето и случките. Мерсо пројавува отуѓеност спрема општествените и моралните вредности кои се востановени и се однесува спрема нив како да е од друг свет, а особено ја отфрла идејата за спас која ја нуди религијата. Со вакивте карактеристики и однесување, Мерсо е странец во општеството. Тој тоа го сфаќа дури во затворот и иако му паѓа тешко, се помирува со ваквата ситуација и ја прифаќа како судбина. Но сепак, на претераниот притисок на свештеникот да го исповеда, Мерсо

изразува длабок бес спрема религијата, што претставува револт како одговор на апсурдната судбина. Соочен со смртта, Мерсо се уверува дека сите вредности се фиктивни и недоволни за тој да се одрече од својата вистина и се обидува да ја сочува слободата на својот дух. Ками ни го прикажува Мерсо како отуѓен маченик за вистината, кој одбива да употреби дури и ситни лаги за да си го олесни животот. Со таквото однесување, Мерсо не добива симпатии, туку презир и неприфаќање од општеството, затоа што со својот живот ги нарушува општествените норми. Од општествена гледна точка, Мерсо изгледа како монструм и никој не покажува ни најмало сочувство кон неговата судбина, па дури ни читателот на романот. Секако, Мерсо не е монструм, туку личност која е претерано искрена, индиферентна и личност која смета дека не постои ни добро, ни зло, ни убаво, ни грдо, туку само интересно, кое треба да се доживее. А најинтересно за човекот, според Мерсо, е уништување на еден човечки живот: „За да се заврши конечно сé, за да не се чувствувам толку осамен, ми остана да посакам на денот на моето погубување да има многу гледачи и да ме дочекаат со повици на омраза. Не најдов ни една нишка на среќа, која би ме принудила да се покајам за она што го сторив, ако воопшто нешто сум сторил. Немав за што да живеам. Немав на што да се надевам. Доволно ми е тоа што го проживеав“.[42] Мерсо е осуден затоа што не се најдени никакви разумни докази за мотивот на неговата постапка. На него не му се суди по основа на околностите под кои е извршено убиството, туку врз основа на предрасудите за тоа каква личност е тој. Мерсо е осуден како странец, како нарушувач на редот во општеството, но тежината на неговата казна ја носи општеството, кое во име на своите принципи е подготвено да го жртвува човекот, иако тие принципи се донесени во име на човекот. Целта на Ками е да ја покаже негативната страна на општествената машинерија со која се судира поединецот, иако крајната цел на општеството е заштита на човекот. Говорот на обвинителот е преполн со омраза и етикетирање. Врската на Мерсо со

[42] Ками, Албер. *Странецот*. Прев. Елена Николовска, Скопје: Матица македонска, стр.102.

Марија обвинителот ја нарекува неморална, незаконска, додека соседот Ремон е окарактеризиран како човек со сомнително однесување. Затоа Ками преку своето дело, опишувајќи едно убиство, ја разоткрива бедата на еден систем, кој убиството го претставува како морално злосторство. Во делото Ками сака да го приближи на читателот нехуманиот аспект на поединецот, луѓето, општеството, каде на никој не му е грижа за никого. Кој и со какво право со своите раце и ум може да посегне по нечиј живот, па макар бил и „злосторнички"? На овие прашања апелира Ками, силно алудирајќи дека правото на живот е свето право, кое никој, во ниеден случај не смее да го наруши, а најмалку општеството, кое е создадено од поединецот и чија цел е да го штити поединецот.

Кај Мерсо гледаме една фројдовска поделба на страните на либидо и суперего. Егото, односно балансот на овие две страни на човековото живеење кај него е комплетно дисфункционален. Од една страна Мерсо е целосно пасивизиран лик, постојано молчалив, загледан во далечината, не искажува никакви вредносни ставови, давајќи единствена оцена на нештата со зборовите дека нему му е сеедно. Во очите на читателот на делото, главниот јунак е апатичен, незаинтересиран за животот, без морални скрупули, со еден збор нечовек. Ова се однесува на суперегото, односно што се бара од човекот и кои се неговите општествени односи и обврски. Од друга страна, кога го разгледуваме либидото, ние во Мерсо гледаме еден сосема нормален човек, во целосен елан на животот, кој го живее истиот со полн здив, радост и уживање. Ние го гледаме Мерсо како ужива во храната, во капењето, во виното, цигарите и во водењето љубов. Ако се извадат моралните очила, ако се тргнат настрана нашите однапред определени очекувања каков човек треба да биде Мерсо за да биде подобен, ние ќе видиме еден човек полн со живот, невин, кој никому никогаш не згрешил ништо. Ками го проектира Мерсо како човек кој никогаш не направил ниту мало зло, не излажал никогаш во животот во своја корист, па дури ни во моментот кога можел да се спаси од смртната казна.

## 3.3.2. Апсурдното недоразбирање

Драмата „Недоразбирање“ е пишувана исто така во стилот на апсурдот. Таа претставува длабок одраз меѓу врската на човекот со светот, која во овој случај води до недоразбирање. Внатрешната поделба на јунаците во однос на тоа што е приоритет во животот, ги води до бездната. Главниот лик на драмата, Јан, по долги години поминати во туѓина на печалба, се враќа во своето родно место со својата свршеница, место од кое заминал без најава на својата мајка и помалата сестра. Тој не сака веднаш да им се претстави, туку сака најнапред да ги набљудува отстрана и затоа отседнува како гостин во нивниот пансион. Иако неговата свршеница го убедува да не го прави тоа, тој продолжува со својот план и двоумејќи се на моменти, сепак не им кажува кој е. Мајката и ќерката Марта, пак, од своја страна се злосторнички, кои многу гости од својот пансион ги одвеле во смрт за да ги ограбат. Тие, исто како и Јан, се во потрага по подобар живот, но тој живот, особено ќерката, го бараат во материјалните добра и среќата единствено ја разбираат низ призмата на материјалното: „Веќе немам трпение за оваа Европа, каде есента има лице на пролет, а пролетта здив на беда. Но,затоа со радост мечтаам за друга земја, каде летото сé согорува и каде зимските дождови ги потопуваат градовите, а работите се онакви какви што сé“.[43] Основата на апсурдот во ова дело на Ками лежи во потрагата по среќен живот, која ќе ги однесе во несреќна смрт.

Личностите во „Недоразбирање“ се толку отуѓени еден од друг, иако се блиски, па така претставуваат туѓинци, неспособни да се сфатат меѓусебно. Карактеристично и за ова дело, како и за „Странецот“, е лик во него кој нам, според нашите критериуми ни изгледа резигниран, апатичен, незаинтересиран, а всушност не е така. Тоа е ликот

[43] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga* četvrta . Zagreb: Zora, 1976, стр.153

на мајката на Јан, која откако со ќерката ќе го извршат злосторството и ќе се вратат во собата, ќе го види пасошот и ќе го препознае својот син: „Значи знаев дека еднаш работите ќе завршат вака и дека тогаш ќе дојде крајот на сé.“[44] Ликовите во делата на Ками живеат вистински живот од моментот кога се среќаваат со смртта, таа ги отрезнува од апсурдниот живот кој го водат до тој момент, па затоа и мајката ќе рече: „Го знам тоа сега, затоа што ми го кажува моето срце - јас пак живеам од моментот кога повеќе не можам да поднесам да живеам“.[45]

Ками, во овој случај ни го открива кинењето на врската меѓу светот и човекот, но манифестирана како лишеност од секаков вид на разбирање помеѓу луѓето. Довербата меѓу луѓето е комплетно изгубена, тие се чувствуваат отфрлени од животот и никаде не можат да го најдат својот мир. Светот е студен, не постојат никакви емоции меѓу луѓето, љубезноста е преправање, сите живееме во мрак. За човекот не постои никаква утеха, затоа што, што и да избере, да живее или да умре, го избира истото. Нема мир и утеха ниту во животот ниту во смртта. Ками ни покажува еден свет на очај, свет на изгубена надеж во кој сé што е човечко се претворило во нечовечко. Марта смета дека секој во животот го добива она што го заслужува, дека нема спокој ни на овој, ни на другиот свет. Во полемиката со свршеницата на Јан, Марија, таа го открива својот поглед на светот. Иронично, чувствувајќи потреба да ѝ даде совет на Марија, кога веќе ѝ го убила сопругот, таа го изнесува на виделина карактерот на апсурдниот свет. Според неа, постојат две алтернативи за човекот: Првата алтернатива е да се живее, но тогаш треба да се биде студен како камен, да не се покажуваат никакви емоции, да се биде како Бог. Втората алтернатива е смртта, куќата во која се сите лежат едни до други. Затоа, таа ѝ советува на Марија: „Сфатете дека вашата болка никогаш нема да биде еднаква на неправдата што му се нанесува на човекот и на крајот слушнете го мојот совет. Затоа што јас Ви должам совет, зарем

[44] Ibid, стр.169
[45] Ibid, стр.173

не, затоа што Ви го убив сопругот! Молете се вашиот Бог да стане како карпа. Тоа е среќата која ја чува за себе, тоа е единствената среќа. Сторете како и тој, станете глуви на сите крикови, придружете се на карпата додека се́ уште е време. Збогум, сестро моја! Гледате, се́ е лесно. Можете да изберете меѓу глупата среќа на каменот и лепливиот кревет каде што ве чекаме“.[46] Во последниот чин, кога Марија бара помош од старецот и кога тој ја одбива само изговарајќи го зборот не, едноставен одречен збор со кој Ками многу експлицитно укажува дека се напразни сите наши повикувања за помош која би дошла однадвор, односно дека не постои никаква утеха надвор од човекот. Спасот и утехата за тешкиот живот кој го живееме се во нас самите и тие се нашата среќа во светот на несреќа.

[46] Ibid, стр.183

### 3.3.3. Апсурдната револуција

Темата на драмата „Праведници“ е слична со темата на романот „Чума“. Таа се однесува на идејата за револуционерна борба против тиранијата, против злото кое се надвиснало над човекот и единствениот спас од тоа зло е револтот против него. Револтот ја означува револуцијата, ветува измена на состојбите и дава верба за подобро утре. Во драмата Ками ја дава дилемата на кој начин треба да се изведе отпорот. Тоа двојство се гледа низ ликовите кои се претставени и кај кои моралната дилема е различна. Кој е начинот на кој треба да се изведе револуцијата? Едниот начин на борбата е апсолутно уништување на сé што постои, без разлика на жртвите кои треба да се поднесат: „Јас не го сакам животот, туку правдата која е над животот. Дојдов за да убијам еден човек, а не да го сакам или, пак, да го поздравам дека е поинаков.“[47] Вториот начин е втемелен на личноста на човекот и го отфрла апсолутното насилство и размислува за хуманиот аспект: „Сакав да им објаснам дека јас не сум необичен. Можеби сум за нив повеќе луциден, отколку природен. Но сепак, верувам во идејата како и тие. Како и тие и јас сакам да се жртвувам. И јас можам да бидам паметен, молчалив, ефикасен. Но, животот и натаму ми се чини чудесен. Јас ја сакам убавината, среќата! Затоа го мразам насилството. Како да им се објасни тоа? Секако револуција! Но револуција заради животот, за животот да добие шанса“.[48]

Во делото ја гледаме човечката драма на главниот лик, Иван Калаев, револуционер, кој кон револуцијата пристапил со желба за промена на состојбите, за акцијата за убиство на кнезот, која ќе доведе до промени во општеството. Но тој таа акција не ја подразбира дека треба да се убие по секоја цена и не ја фрла бомбата,

[47] Ibid, стр.319
[48] Ibid, стр.321

затоа што во кочијата на кнезот се и неговите деца. За Калаев е неправда ако остане жив после атентатот и тој смета дека е сосема нормално да го даде животот за револуцијата. Идејата да се спаси му се чини неморална, а праведноста на чинот ја подразбира само како одрекување од сопствениот живот: „Честа е последното богатство на сиромашните. Ти тоа добро го знаеш, а знаеш дека има чест и во револуцијата. Заради неа сме согласни да умреме. Заради неа си се исправил пред камшикот еден ден Степане, и заради неа и ден денес - зборуваш ".[49]

Вториот лик во драмата, Степан, ни ја дава другата страна на моралот на револуционерната борба. Тој е фанатик кој е заслепен од омраза и таа е единственото нешто што го води. Убеден е дека ништо не смее да се испречи на патот на борбата и не постојат никакви скрупули во однос на тоа прашање. За него револуцијата е борба во која се дозволени сите средства и начини, само да се постигне целта. Неговата душа е груба, а милосрдието е бесмислено: „Теророт е единствен облик на бегство од самотијата и анонимноста, па затоа тоа добива ритуален карактер".[50]

[49] Ibid, стр.340
[50] Kovač, Nikola. *Sukob biča i ideala.* Sarajevo: Svjetlost, 1975, стр. 147

## 3.3.4. Апсурдното убивање

Есејот „Побунетиот човек“ ги анализира политичките доктрини на новиот век и тоа од морална гледна точка. Ками овде ја бара смислата на историските настани и се прашува дали низ историскиот тек успева да надвладее разумот и дали луѓето уживаат поголема слобода и правда. „Побунетиот човек“ е апел на Ками против убивањето, без разлика кој е мотивот за тоа. Но исто така, тука се наѕира и длабоката загриженост на Ками за светот во кој живееме, за неговата насилна природа, свет каде царува неправдата и каде човекот е осамен. Низ ова дело се гледа алиенацијата на човекот во современото општество. Материјалните богатства се наголемуваат, науката и техниката постојано напредуваат, но моралот на заедницата не го следи тој напредок. Придобивките од научниот напредок не се користат цивилизациски, туку тие стануваат средство со кое луѓето ќе се држат во залог и ќе може да се владее со нив. Човекот во модерното време е лишен од Бога и спасот кој го гледал во него и е оставен самиот на себе. За Ками, револуцијата не е борба во која ќе ѝ се даде власт на една класа, туку е борба во која на човечкиот живот ќе му се даде уште една шанса. Општеството не треба да ги почитува човечките вредности само декларативно, туку да се залага тие да се негуваат и почитуваат суштински. Затоа Ками овде се јавува како антибирократ кој има вистински, активистички однос кон човековите права и слободи. За него непостоењето на насилство е утопија, но не одобрува насилство по ниедна цена, па затоа вели: „Не сум создаден за политика, затоа што сум неспособен да ја сакам или прифатам смртта на противникот“.[51] Со овие зборови тој сака да укаже дека политиката не е она што би требала да биде. Таа не е договор со кој луѓето ќе ги помират своите ставови и ќе дојдат до заемноприфатливо решение, туку таа е победа на посилниот над послабиот и тоа со аргументот на силата.

[51] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga* sedma. Zagreb: Zora, 1976, стр.272

За револтот најдобро сведочат неговите дела - романот „Чума“, драмата „Праведници“ и есејот „Побунетиот човек“. Во „Чума“, главните ликови се обидуваат да го сочуваат човечкиот дигнитет и сé она што е човечко, иако се наоѓаат во услови на целосна деструкција. Револтот на Ками е всушност непомирливоста на човекот со неговата судбина и отпорот кој го дава во име на човечноста во себе, па макар тој отпор бил и напразен. Таа борба е нерамноправна, но треба да се издржи, а тоа е возможно само со верба, емпатија и солидарност. Затоа за Ками, чумата е персонификација на злото, на насилството од секаков вид над човекот. Целокупниот револт, смета Ками треба да се одвива во границите на човечкото, односно на ниво на човековата заедница, без разлика на карактерот и потеклото на луѓето, но во рамките на животот.

## 3.3.5. Внатрешниот апсурд

Во филозофскиот роман „Паѓањето“, монолог на главниот лик Жан Батист Кламенс, Ками третира чисто морални теми, но од еден друг аспект. Во ова дело Ками се обидува да ни ја приближи целосната дисторзија на моралот во главниот лик, морал кој ја дели душата на човекот на два дела и секој од тие делови повикува на својата вистина. Главниот лик себеси се претставува како судија - грешник, што во смислата на обичниот јазик значи дека човекот кој е повикан од општеството да се грижи за доброто на сите и да дели правда, е грешник. Тој е адвокат на четириесет години, кој прави реминисценција на сопствениот живот. Тој раскажува за својата работа, за чувството на одважност за неа:„Чувството дека имаш право, задоволството, самопочитувањето, господине, се силна стимулација за да стоиме исправено, за да се движиме напред. Од друга страна пак, ако ги лишите луѓето од нив, тогаш ги трансформирате во кучиња запенети од лутина. Колку злосторства биле извршени само затоа што обвинетите не можеле да го поднесат фактот дека се виновни! “.[52] Со ова Ками ни ја објаснува поделеноста на личноста на човекот, потенцирајќи ја општествената страна која бара постојана самопотврда и тоа сé со цел човекот да не излезе од маргините на општественото и реагира сосема природно.

Ками во романот ни ги дава своето мислење за ропството, за нацизмот во војната, за самоубиството, кое од аспект на моралот е најгрозното нешто, нешто што мора да има некаква причина и на кое мора да му се најде некаква причина. Самоубиството за Ками е саможртвување на мислењето кое човекот сака заедницата да го има за него, а ако тоа е без некоја општествено разбирлива причина, тогаш тоа е залудно. Но главниот лик го сака својот живот и вели дека тој всушност е неговата слаба страна.

[52] Ками, Албер. *Паѓањето*. Прев. Ива Георгиева, Скопје: Ѓурѓа, 2009, стр.16

Тој не може да замисли ништо што е надвор од животот, а кое би претставувало највисока животна страст.

Ками ни ја објаснува потребата човекот да се оправда за сите свои постапки, потреба која е длабоко врежана во човечкиот код. Оправдувањето овде е во смисла на префрлање на одговорноста и вината на другите, ако треба и на целиот човечки род и земјата и небото, само за човекот да се чувствува подобро. Темите во овој роман се секојдневни и зборуваат за односите кои луѓето ги градат меѓусебно во текот на живеењето. Искреноста како доблест станува негативна мана која го оддалечува човекот од блиските. Луѓето, смета Ками, не ја сакаат вистината, ниту ги интересира туѓото мислење кога прашуваат за себе, туку тие бараат само потврда на сопственото мислење што го имаат за себе. Човекот одбива да им се довери на оние луѓе за кои смета дека се поуспешни од него, туку само на оние кои тоа не се или за кои смета дека се помалку успешни од него. Затоа за Ками односот на човекот во заедницата е изграден врз база на длабок цинизам.

Главниот јунак објаснува дека отсекогаш се чудел на оние луѓе за кои благосостојбата, угледот и статусот се најважните работи во животот, сакајќи да каже дека секоја од овие состојби е минлива и не е причина за да не може да се живее. Ками овде зборува и за смртта и апсурдноста, која во одреден временски интервал го зафатила и главниот лик на романот, претставена преку добро познатото животно мото дека секој во својот живот треба да направи нешто, да ја исполни својата задача: „Потоа, помислата на смрт ме обзеде. Ги броев годините кои ми преостануваа до смртта. Барав примери на луѓето од мои години кои веќе беа починати. И бев измачуван од мислата дека нема да имам време да ја исполнам својата задача. Која задача? Не знаев. Искрено, дали вредеше да продолжам со тоа што се занимавав? Но

тоа не беше се́. Ме облеа бесмислен страв: Човек не може да умре без да си ги признае лагите.“[53]

Наредната фаза на главниот јунак, осветлен од апсурдот кој го носи во себе, е револтот. Тој револт е насочен против сите луѓе со кои претходно бил љубезен, но и кон самиот себе, неговите внатрешни состојби и илузии. Во делото гледаме како се́ она што се сметало за морално, го претвора во неморално. Неговиот револт е насочен кон политиката, кон Бог и кон хуманизмот, кој претходно многу му значел. Револтот го искажува и со замена на љубовта со наслада во сексот, со менување на партнерки и живеење во аморални врски.

Следна е рамнодушноста, со која тој својот активен живот го става во мирување и размислува за се́ она што му се случило претходно. Тогаш сфаќа дека животот е краток, а човековото тело премногу слабо за да ги издржи сите перипетии на животот: „Гласот ме водеше напред, а јас го следев без некакво извишување како порано, и со болка задржував една до две здодевни љубовни врски. Се случуваше дури и да поминам чисто пријателска вечер, без никаква страст, но со таа разлика што препуштен на досадата, ретко слушав што се зборува. Се здебелив малку и најпосле поверував дека кризата е завршена. Ништо не ми преостана, освен да старeам.“[54]

Но оттука натаму настанува пресврт во кој главниот лик станува свесен за себе, за своето постоење и сфаќа дека сите ние ја носиме во себе силата на она што сме и дека самите ние сме одговорни за се́ што се случува во нашиот живот. Овде Ками, одговорноста ја гледа во слободата на избор. Човекот за Ками не е невино суштество на кое му се случуваат работи за кои тој нема вина, туку одговорноста ја носи во себе, што е израз на еден краен индивидуализам: „ Никакви изговори за никого. Тоа е моето правило на почетокот. Не се согласувам со добрата намера, грешката, непромисленоста, ублажената состојба. Кај мене не постои простување или

[53] Ibid,стр.69
[54] Ibid,стр.82

благословување. Во филозофијата, како и во политиката, се согласувам со онаа теорија која не дозволува човекот да биде прогласен за невин и секоја работа која го прави виновен. Ме доживувате како современ симпатизер на ропството. Без ропство, всушност, не постои решение. Многу брзо станав свесен за тоа.“[55]

Најпосле, зборувајќи за слободата, Кламенс ќе рече дека оној човек кој е сам во својот живот, без господар или Бог, живее тешко. Човекот толку се навикнал да има некој под кого ќе се потчини, па дури заборавил и да мисли сам. Овде Ками дава критика на филозофите кои тргнуваат како атеисти, за на крајот да завршат со Бога во себе:„ Ах, мил пријателе, за оној кој е сам, без Бог или господар, тежината на денот е страшна. Заради тоа, човек мора да избере господар, но не старовремскиот Бог. Освен тоа, тој збор го изгубил своето значење, не вреди ризикот да се шокира некој. Земете ги за пример нашите поучни филозофи кои го сакаат соседот и сите останати - ништо не ги дели од христијаните, освен фактот што не проповедаат во цркви. Според вас, што ги спречува да ја променат верата? Почитта... Можеби почитта кон луѓето. Да, почитта кон човекот. Тие не сакаат да направат скандал, па си ги чуваат чувствата за себе.“[56]

[55] Ibid,стр.100
[56] Ibid, стр.101

## 3.3.6. Апсурдниот владетел

Ками ни прикажува уште еден апсурден лик од своите дела, специфичен сам за себе, Калигула. Карактеристика на личностите што претходно ги разгледувавме е што својот живот тие го поминуваат во одбранбен став. Нивната немоќ пред животот е толку јасна, што ги тера само да го констатираат тоа и да се повлечат во себе. Единствен од сите јунаци, Калигула се обидува револтот кон апсурдниот свет, наместо да го чува во себе и за себе, да го екстровертира кон надворешниот свет и така да го изрази. Тој се обидува својот револт да го искаже на невозможен начин, надвор од секаква човечка логика.

Драмата за апсурдниот владетел започнува со смртта на сестрата на Калигула, која му била љубовница, што исто така се смета за апсурдно. Нејзината смрт предизвикува кај Калигула презир кон судбината и тој се изолира од надворешниот свет. Моќта на император тој ја користи за да изрази револт против животот, убивајќи ги без причина луѓето околу себе. Калигула е лик кој го изразува својот протест против сé што е човечко и против сите вредности кои се устоличени во општеството. Тој сака реалноста да ја доведе надвор од сé што е логично, а слободата која ја има се обидува да ја исцрпи до крајни граници, со што и самата логиката на апсурдот ја доведува до нејзиниот раб.

Калигула јасно ја гледа својата немоќ кон смртта, иако е самиот моќен да ја предизвика. Тој го отфрла начинот на поимање на животот, па сака да го постигне невозможното, како пркос кон смртта и кон нејзината апсурдност. Невозможното за него е да стане бесмртен и да ја достигне месечината: „Токму така! Станува збор за невозможното, или поточно како да стане возможно она што не е“.[57] Во драмата, Ками на мошне имплицитен начин низ разговорот меѓу Скипион и Калигула, ни ја

[57] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga* četvrta . Zagreb: Zora, 1976, стр.26

дава својата теза за убивањето, во која Скипион му префрла на Калигула дека околу него премногу се умира, на што Калигула му вели: „ Да знаеш да сметаш, би видел дека и за најмала војна која би ја започнал разумен тиранин, би се трпело илјадапати повеќе, отколку за хировите на мојата фантазија".[58]

Со ова Ками дава силен протест против убивањето луѓе, без разлика кој е мотивот и целта на истото. Тука се насира едно многу силно хуманистичко прашање: Која е разликата меѓу умирањето во војна и бесмислените убиства на Калигула? Или, кој и со какво право може да одзема човечки животи, па макар тоа да е оправдано со повисока цел? Затоа и прашува дали рационалната смрт, во која еден тиранин ги води своите војници, а која е оправдана затоа што со неа се освојува, е различна од ирационалната смрт со која завршуваат жртвите на Калигула.

Драмата завршува со убиството на Калигула, кој изразувајќи ја својата слобода да убива, заборава на слободата на другите луѓе од кои потоа тој бива убиен. Неконтролираниот револт на Калигула престанува да биде револт кон апсурдниот свет и судбина и станува револт против човештвото. Таквиот револт, како што може да се види и од драмата, завршува со невозможноста индивидуалниот протест да стане општочовечки и да биде признаен како таков.

---

[58] Ibid, стр.72

# 4. Револтот

*Деветнаесеттиот век е век на револтот. Зошто?*

*Затоа што се раѓа од неуспешна револуција во која*

*и самиот поим за Бог добива смртен удар.*

Ками

Апсурдниот човек на Ками е лишен од секаква верба и религија, тој е атеист кој живее без утеха, без верување во вечен живот, што предизвикува тешкотии. За апсурдниот човек животот е неговиот момент кој треба да го искористи максимално, свесно и без никаков страв, рамнодушно и смирено: „Да се знае дали може да се живее без повик, тоа е сé што ме интересира. Не сакам да го напуштам тоа подрачје. Ако ми е даден овој лик на животот, ќе можам ли да му се прилагодам? Значи, наспроти таа посебна грижа, вербата во апсурдот се јавува како замена на квалитетот на искуствата со квантитет.“[59] Според Ками, во овој случај вредносните судови се потиснати од фактичките судови и веќе не станува збор за квалитет на животот, туку за негов квантитет. Да се живее подолго, па дури и безначајно, е поважно отколку да се живее пократок живот, но суштински исполнет.

Затоа Ками резонира дека од апсурдот не треба да се избега, не треба да се умре, туку треба да му се спротивставиме. Тоа спротивставување за него е револтот: „Да се живее, тоа значи да се овозможи на апсурдот да живее. Да му се даде да живее, тоа пред сé е да се набљудува животот. Спротивно на Евридика, апсурдот исчезнува само кога од него ќе се свртиме. Една од единствените смислени филозофски позиции е револтот. Тој е вечно конфронтирање на човекот и на неговиот сопствен мрак. Тој повторно го доведува светот во прашање во секој од неговите мигови“.[60] Затоа

[59] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.63
[60] Ibid, стр.57

спротивставувањето за Ками е најадекватниот начин на израз на човековата егзистенција, а животот е полето на таа немилосрдна борба на автокогниција. Револтот ја дава величината на човековиот живот, затоа што тој револт не е ништо друго, туку вечна борба на човековиот разум, неговата интелигенција со светот и реалноста кои му се спротивставени. Величината и гордоста на човекот е токму во оваа борба, а слободата и одговорноста за неа се принципите на таа величина.

Односот на човекот со светот се гледа и низ перспективата на револтот. За Ками е недвосмислено дека револтот треба да се изрази на секаков можен начин, но најприкладно е тој да се изведе од полето кое е маневарски простор на секоја единка. За авторот тој маневарски простор е литературата, односно неговите дела во кои ќе го изрази револтот. „Побунетиот човек“ е делото во кое Ками го изразува својот револт, кој најмногу се однесува на формалниот граѓански морал, кој е темел на хуманизмот. Затоа револтот претставува една од клучните координати, што го дава односот на човекот спрема светот.

Основата на револтот кај Ками е означен со отуѓувањето на човекот, кое може да се одвива на два начина, кои го сочинуваат неговото јадро, а се претставени како историски и метафизички револт. Во врска со ова, Никола Ковач го дава следното објаснување: „Како што апсурдот е само привремен облик на свесно доживување на светот, Ками во „Побунетиот човек“ започнува анализа на оние облици на живеење и создавање кои во историјата оставиле трајни докази за единството на човековата мисла“.[61] Тука тој експлицитно мисли на двата вида револт кои произлегуваат од творештвото на Ками, и тоа: „Во двата случаи Ками ни ја доближува сликата на светот настаната во свеста на отуѓената личност: кај метафизичкиот револт раскинот меѓу поединецот и светот завршува со нихилизам и деструкција, а кај историскиот со негирање на личноста и величење на државниот или партискиот механизам“.[62]

[61] Kovač, Nikola. *Sukob bića i ideala.* Sarajevo: Svjetlost, 1975, стр. 154
[62] Ibid, стр. 155

## 4.1.Револтот против историјата

Основата на историскиот револт е несогласувањето на човекот со она што му се случува во заедницата и обид да го отфрли тоа што го загрозува неговото човекување. Неговиот револт е насочен против сите трагични случувања низ историскиот тек на нашата цивилизација. Тие трагични случувања го прават поединецот само нем сведок на она што му се случува. Затоа за Ками е значаен револтот, но револтот кој има хуман карактер. Според него, револтот не треба да се изрази апсолутно и да се занемарат жртвите коишто тој ќе ги предизвика. Тој не го одобрува убиството, без разлика на мотивите кои ќе го предизвикаат. За Ками апсолутното ненасилство претставува утопија, но насилството не смее да биде одобрувано од никого. Неговиот историски револт е предизвикан од трагичните искуства низ текот на човековата историја: „Голема драма за западниот човек е тоа што меѓу него и неговото историско создавање не се наоѓаат силите на природата и пријателствата. Исечени корени, исушени раце и веќе се спојува со бесилката која му е ветена. Но стигнувајќи до тој врв на неразумноста, ништо не смее да нé спречи да укажеме на глупоста на ова столетие, кое ни се причинува дека брза кон владеење на разумот, но всушност само ги бара причините на љубовта која ја има загубено“.[63]

Ваквата тенденција на гледање на нештата Ками ја извлекува од Хегел, кого го обвинува за отуѓување на човекот од природата преку преферирање на модерниот град, во кој човекот единствено станува свесен за самиот себе. Штетата што ја прави Хегел, кој претставува репер и репрезент на европската мисла, е уште поголема со неговото прогласување на природата за апстрактна, а разумот за конкретен. Но тој разум, според Ками, е оној кој во неговите крајни граници го убива сето човечко. За Ками, Хегел е апстрактен филозоф, кој сé рационализира до потполна ирационалност

[63] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga* osma . Zagreb: Zora, 1976, стр.133

и кај кого вредноста на животот се пренесува на иднината, на крајот на историјата. Притоа Хегел ја занемарува реалноста, односно животот на човекот кој е единствен: „Чистото историско мислење е нихилистичко: тоа потполно го прифаќа злото на историјата и со тоа стои во спротивност со револтот“.[64] Со ова Ками сака да го покаже патот кој води од нихилизмот до хуманизмот.

Сартр, пак, од своја страна е критичен кон негирањето на историјата од страна на Ками, затоа што не,може да го прифати неговиот однос на светот и човекот надвор од историските настани. Сартр е на позиција дека воопшто и не треба да се прашуваме дали историјата има некаква смисла, затоа што без човекот, историјата надвор од него нема никаква смисла.

За Ками е апсурдно да се бара смисла на целокупниот свет надвор од човековиот живот, туку смислата на живеењето е во самиот човек, во човечкото, во она што се подразбира за човекот. Слободата на човекот е слободата на разумот и разумот е тој кој нé двои од овој свет, ни бара одговори, нé спротивставува на секое друго суштество. Овде се гледа општата тенденција на Ками да го врзе апсурдот со разумот, апсурд кој не би постоел ако човекот е суштество како сите други во природата: „Кога би бил дрво меѓу дрвјата, мачор меѓу животните, овој живот би имал смисла, или, подобро речено, тој проблем не би постоел, зашто јас би бил дел од тој свет. Јас би бил тој свет кому сега му се спротивставувам со целата своја свест и целосното барање за блискост“.[65]

---

[64] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga sesta.* Zagreb: Zora, 1976, стр.282
[65] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.55

## 4.2.Метафизичкиот револт

За разлика од историскиот револт кој се однесува на негирањето на човековата личност за сметка на некаков тоталитаризам, метафизичкиот револт се однесува на губењето на врската меѓу човекот и светот, чин кој завршува со тотална деструкција. Метафизичкиот револт најнапред се однесува на положбата на човекот во светот и можниот излез од неа. Овој револт не претставува индивидуален отпор, туку е отпор кој е карактеристичен за целиот човеков род. Револтот се однесува на човековата судбина, која не е прифатена и по чија измена се трага.

Ками ја разбира судбината како акција која би ги поправила и човекот и земјата, а човековиот однос со светот претставува израз на револт, кој најнапред се однесува на боговите, како оној на Прометеј. Ками ни го претставува револтот на Прометеј, не како револт против природата, туку како револт против боговите кои се креација на моралот на заедницата. Затоа, крајната цел не е револт против се́ она што е природно, сместувајќи го и поединецот во оваа категорија, туку револтот се однесува на оние тенденции во општеството, кои формирани како сили кои ќе му го олеснат животот, стануваат јамка околу вратот на истиот тој поединец.

За уште еден вид на метафизички револт Ками го смета оној на Ниче, кој, констатирајќи дека Бог е мртов, ја доведува во прашање основата на секоја религија, а тоа е нејзината верба во животот. Овој револт претставува еден вид на глорификација на злото, затоа што прифаќајки го како нешто што е неизбежно, Ниче се помирува со неговото постоење.

Револтот на Ками кон моралните стеги и општествени норми најдобро се гледа преку Мерсо, кој е намерно претставен како олицетворение на природата. Револтот на Мерсо претставува осамен напор на авторот да покаже колку луѓето низ

развитокот на општеството се отуѓуваат од себе, полека заборaваат на својата индивидуалност и се претвораат во една машинерија која мисли еднакво. Апелот на Ками е за зачувување на таа индивидуалност, која Мерсо ја платил со сопствениот живот, но овојпат како свој грев против канонитe на општеството.

За револтот значајна мисла изведува и Никола Ковач, кој го опишува на следниот начин: „Револтот инаку, во ниеден момент не ја запоставува човековата личност, нејзиното достоинство и неотуѓивоста на нејзините човечки права. Тоа значи дека револтот во својата суштина е насочен кон позитивните вредности - без обѕир што ништо не создава - но укажува на оној дел на човечноста кој треба, во сите услови и во сите системи да се штити и величи како единствена смисла на секоја придвижувачка акција“.[66]

[66] Kovač, Nikola. *Sukob biča i ideala.* Sarajevo: Svjetlost, 1975, стр. 154

## 5. Слободата

*Мошне е можно човекот засекогаш*
*да ни остане непознат и во него секогаш*
*да има нешто што ни се измолкнува.*

Ками

Најзначајниот инструмент на човекот, кој ќе го поведе во револтот против целокупното зло што постои е, слободата. Слободата значи избор, па така и човекот е слободен да избере да го даде животот, а стравот од смртта го совладува, ставајќи ја во редот на природните појави. Откако ќе расчисти со фактот дека смртта е само природен чин, слободата да одлучува станува најголемото орудие во рацете на човекот, кое заедно со неговата волја се вистинската можност за промена во овој свет на неморал и зло.

Во односот на слободата, повторно се гледа судирот на природниот и општествениот човек . Слободата на изразот, на делувањето, станува општествен срам и луѓето се доведуваат до ситуација во која ќе се чувствуваат виновни за нивните природни чувства: „Живееме во време кога луѓето поттикнати од осредни и сурови идеологии, се привикнуваат да се срамат од сé. Се срамат од самите себеси, се срамат да бидат среќни, да сакаат и да создаваат. Денешните писатели и уметници имаат болежлива совест и меѓу нас е во мода да се извинуваме за нашата професија. Вистина, ни се помага малку околу тоа. Од сите страни на нашето политичко општество на наша адреса се упатува голем крик, кој ни наредува да се оправдаме. Мораме да се оправдаме затоа што сме бескорисни, а во исто време нашата бескорисност да служи за ниски побуди“.[67]

---

[67] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga* osma. Zagreb: Zora, 1976, стр.129

Слободата на човекот да биде со природата не е во фокус на интересот на литературата и, според Ками, од Достоевски па наваму, веќе нема пејсажи и мотиви од природата во книжевноста. Денешната книжевност се занимава само со историјата и со човекот како општествено суштество, притоа заборавајќи на светот кој е надвор и од кој сме и ние дел.

За Ками е апсурдно да се бара смисла на целокупниот свет надвор од човековиот живот, туку смислата на живеењето е во самиот човек, во човечкото, во она што се подразбира за човекот. Слободата на човекот е слободата на разумот и разумот е тој кој нé двои од овој свет, ни бара одговори, нé спротивставува на секое друго суштество. Овде се гледа општата тенденција на Ками да го врзе апсурдот со разумот, апсурд кој не би постоел ако човекот е суштество како сите други во природата: „Тој разум, толку подбивен, ме спротивставува на секое суштество. Не можам да го негирам со еден потег на перото. Она што мислам дека е вистинито, треба значи и да го поддржувам. Тоа што ми изгледа толку очигледно, дури и кога е против мене, треба да го поддржувам. А што е основа на овој судир, на тоа кршење меѓу светот и мојот дух, ако не свеста што за него ја имам“.[68]

Од овој момент Ками сака сартровски да каже дека човекот ја има слободата на избор. Таа слобода за него е слободата да мисли, свеста на човекот која претставува основа на судирот меѓу светот и човекот. Апсурдот на човекот е директен производ на неговата свест, а човековиот живот е неговото вечно престојувалиште. Да се биде апсурден дух, значи да се биде свесен дух. Да се живее, значи да се дозволи да живее и апсурдот, што е спротивно на егзистенцијалните филозофии кои сметаат дека треба да се скокне, да му се избега на апсурдот. Апсурдот не е надворешна причина која го напаѓа човекот и од која тој треба да се ослободи, туку е внатрешна состојба со која човекот мора да научи да живее.

---

[68] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.55

Слободата на човекот според Ками е состојба која што не е правилно сфатена и правилно поставена: „ Да се знае дали некој човек е слободен, бара да се знае дали тој има господар. Посебната апсурдност на тој проблем доаѓа оттаму што самиот поим кој го овозможува проблемот на слободата истовремено му ја одзема и целата негова смисла, бидејќи пред Господ помалку е присутен проблемот на слободата отколку проблемот на злото“.[69] Авторот проблемот на слободата го препознава во религијата, која замижува на начинот на третирање и не гледа толку длабоко во проблемот на слободата, туку проблемот на злото е тој кој го таргетира и кој претставува најголем проблем, кон кој е насочено целокупното нејзино внимание, што претставува своевиден парадокс: „Или ние не сме слободни, а семоќниот Господ за тоа е одговорен, или ние сме слободни и одговорни, но тогаш Господ не е семоќен. Сите училни ситничења не ѝ додале ништо, ниту пак ѝ одзеле на остарината на тој парадокс“[70]. За Ками слободата нема хиерархија, таа е иста за сите луѓе, а апсурдниот човек, кој е ослободен од потрагата по вечна слобода, неа ја наоѓа во духот и дејствувањето.

Она на што Ками посебно инсистира е објаснувањето на разликата меѓу разбирањето на слободата кај човекот кој не го допрел апсурдот, и апсурдниот човек. Првиот живее со своите планови и насочувања во животот, се однесува како потполно слободен, тој дури не е ни свесен за апсурдноста. Но по апсурдот го добиваме вториот човек, кој најнапред ја разбира слободата како верба во вечноста. Затоа Ками смета дека слободата на човекот не треба да биде илузија која ќе го ограничува, општествена предрасуда до која ќе се држиме и на која ќе ѝ го посветиме својот живот. Живеејќи на ваков начин, ние само го ставаме во заграда нашиот живот, работејќи и планирајќи за утре и понатаму ние сме робови, а не слободни луѓе: „Единствената слобода која ја знам, тоа е слободата на духот и акцијата. Ако

[69] Ibid, стр.59
[70] Ibid, стр.59

апсурдот, значи, ги поништува сите мои изгледи на вечната слобода, тој напротив ми ја враќа и издигнува мојата слобода на акција“.[71] Човекот ја има слободата, не за да ја пронајде вечноста, туку преку сопствена акција да се прикаже и докаже како човек.

Кога се зборува за слободата како клучна координата во делото на Ками, таа е најадекватно претставена во „Странецот“, каде во една слика се спротивставуваат искреноста на човекот, персонализирана преку главниот лик и воспоставениот морал кој нема еден единствен лик, но има многу свои репрезенти, персонализирани преку обвинителот, адвокатот, свештеникот. Самиот наслов на делото кажува дека главниот јунак е странец во општеството во кое живее, а неговото неприфаќање на нормите кое општеството ги воспоставило, ќе го плати со сопствениот живот. Поентата на Ками е да покаже дека човекот и да сака да биде слободен (читај - Мерсо), тоа не му е дозволено.

[71] Ibid, стр.60

## 5.1. Слободата да се живее

Слободата да се живее значи живот во полн здив, кој не е ограничен со никакви норми. Да се живее значи да се активира целиот свој креативен потенцијал, без никакви замаглувања. Овој живот ни е даден да го живееме во моментот и сега и нема никаква причина за неговото одложување. Одложувањето Ками го гледа во надежта за подобар живот, која за него е едно големо зло: „Од Пандорината кутија, во која се наоѓале сите зла на човештвото, Грците ја истерале последна надежта, како најстрашна од сите зла. Не знам за попотресен симбол. Затоа што надежта, спротивно на нашите верувања е еднаква на помиреност со судбината. А да се живее не значи да се помириме со судбината“.[72]

Затоа животот не треба да се одложува со надевање, туку човекот треба да биде што е можно повеќе активен, со што ќе си даде можност на самиот себе да ги направи нештата во животот што подобри. Тој ја има слободата на избор во сопствените раце, а таа не значи препуштање на судбината, туку активен отпор против сé она што го негира човекот и ја загрозува неговата вистина. Отфрлајќи ги сите митови и живеејќи без надеж, Камиевиот човек останува да живее и да се самопотврди единствено преку неговиот однос со светот. Тој однос е сегашноста, а орудијата се сопствениот ум и раце, поврзани со природата, која е засолниште за сите.

Во првиот дел на „Странецот“, Мерсо не доаѓа во голем судир со општеството, туку само е нем набљудувач на она што се случува во него, ги констатира настаните што го опкружуваат воздржано и без многу интерес. Но во однос на она што се манифестира како настан од природен карактер, Мерсо го гледаме во едно сосема поинакво светло, спонтан и непосреден и со голема доза на заинтересираност. Ками преку Мерсо проектира една храброст, некарактеристична за современите текови на

[72] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga* prva. Zagreb: Zora, 1976, стр.109

живеењето, а тоа е храброста да се живее на сопствен начин, по сопствено убедување и да не се биде засегнат од она што ќе го каже средината.

Ова ја карактеризира слободата да се живее и тоа на начин на којшто секој смета дека треба да се живее. Но човекот кој се осудил да живее наспроти моралот ќе биде осуден и отфрлен од заедницата, што впрочем и го гледаме преку судбината на главниот лик. Личната страст треба да биде закопана пред таа да го закопа човекот.

## 5.2. Слободата да се избере

Една од главните поенти во делото на Ками е загрозувањето на слободата да се избере. Во целокупниот тек на историјата на човештвото се врши тенденциозно загушување на индивидуалноста на човекот. Со цел полесно да се манипулира со човекот, тој свесно се насочува кон самоотуѓување од себе. Тоа самооттуѓување од себе е манифестирано со деградација на индивидуалната свест за сметка на колективната. Затоа односот на човекот и светот е вткаен во слободата на избор, која исто како и вистината, треба постојано да се освојува: „Вистината е таинствена, минлива, секогаш треба одново да се освојува. Слободата е опасна, тешко е да се живее во неа, меѓутоа е занесна. Мораме да напредуваме кон тие две цели, тешко, но одлучно, однапред свесни за своите слабости на така далечен пат“.[73]

Човекот живее со идејата за слободата, таа му овозможува да донесе сопствени одлуки, а со тоа и да се дефинира себеси преку тие одлуки. Меѓутоа Ками уште еднаш потсетува дека слободата сфатена како идеја е метафизичка категорија, без значење, а единствената слобода која има значење е слободата на искуството. Слободата на искуството е вистинската и посакувана и таа е можност човекот да мисли и да дејствува според сопствениот избор. Со напуштањето на потрагата по смислата и значењето на животот, апсурдниот човек ја напушта и потрагата по вредностите поставени онакви какви што се. Имајќи ја оваа слобода на избор, човекот сопствената перцепција за смислата на животот ја сведува на квалитативен, а не квантитативен живот, живеејќи полно и со сиот здив денес, сега, во моментот.

Моментите на сопствен избор, односно она што се нарекува слобода на избор, се гледа во вториот дел на „Странецот“, каде Мерсо има можност да избере, но неговото разидување со општеството и неговите норми стануваат радикални. Не прифаќајќи ги

[73] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga peta.* Zagreb: Zora, 1976, стр.170

правилата на општеството и останувајќи на својата страна на изборот, Мерсо се наоѓа под страотен удар на законите, не можејќи да пронајде никаква заедничка точка на разбирање. Со ова уште еднаш се гледа јасноста на она што е погоре наведено, дека никој нема право на индивидуален избор кој ќе се наметне над воспоставените општествени норми. Цената на сопствениот избор и упорноста да ја испорачува својата вистина на сите околу себе, Мерсо ќе ја плати со сопствениот живот.

## 5.3. Слободата да се биде свој

Основната поента во врска со можностите и границите на човекот во делото на Ками е можноста човекот да биде човек. Тоа е најголемата добродетел, но исто така и покажува колку човекот успева да стане господар на самиот себе. А да се стане господар на самиот себе, значи да се биде свој. Во оваа смисла се гледа и индивидуализмот на Ками, кој светот го разбира единствено низ призмата на човековата моќ како единка, да му се спротивстави на светот и така да го изгради својот однос со него: „Најприродна способност на човекот е да се уништи себе и целиот свет! Колку силни напори му се потребни за да стане нормален! А уште поголем напор треба да направи оној кој се обидува да се надвладее себе и својот дух. Човекот сам по себе не е ништо. Тој е само бескрајна шанса. Но тој е и бескрајно одговорен за таа шанса. Но, ако го понесе неговата волја и совест, смислата за авантура, шансата станува поголема. Никој не може да каже дека ги достигнал границите на човекот. На секој од нас е да ја искористи во себе најголемата шанса на човекот, својата крајна добродетел“.[74]

Затоа губењето на индивидуалната слобода е најстрашното нешто за современиот човек, кој е оставен на самиот себе, затоа што повеќе не се примарни нештата кои се создадени или случуваат околу него, туку тој самиот заедно со својата лична страст: „Современиот човек веќе не верува дека постои Бог кого треба да го слуша (Евреин или христијанин); општество кое треба да го почитува (Хиндус или Кинез) и природа која треба да ја следи (Грк и Римјанин)“.[75] Ками, невозможноста да се биде свој во современите општествени тенденции, ни ја прикажува и преку упорноста на свештеникот да му се приближи на Мерсо и да му го овозможи неговиот спас.

[74] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga* sedma. Zagreb: Zora, 1976, стр.271
[75] Ibid, стр.309

Свештеникот е персонификација на општествениот морал, на кој човекот мора да му се поклони, дури и во моментите на смртта. Меѓутоа Мерсо не е подготвен да се одрече од својата вистина без разлика на тоа што ќе се случи со него и одбива да го прифати наметнатиот спас кој го дава религијата, што се гледа и преку неговите размислувања при последната посета на свештеникот: „Тој повте повторно да ми зборува за Бога, но го прекинав и му објаснив дека мене ми остана толку малку време, што не сакам да го потрошам зборувајќи за Господ“.[76]

[76] Ками, Албер. *Странецот*. Прев. Елена Николовска, Скопје: Матица македонска, стр.101

# 6. Односот на човекот кон светот

*Да се мечтае за моралот, ако сте страсен човек,*
*значи да се предадете на неправдата во моментот*
*во кој се говори за правдата.*

Ками

Овие зборови на Ками толку експлицитно зборуваат за моралот кој владее во општеството и кој е одговорен за ситуацијата во која се наоѓаме. За авторот, искуството во животот е пораз, но низ тој пораз човекот учи за животот. Според Ками, животот е краток и не треба да се помине напразно. Животот е природата која не опкружува, сонцето, ветрот, човечноста и едноставноста. Храброста на човекот е секогаш да биде исправен и да им погледне в лице и на животот и на смртта. Длабоката мера на човекот е неговиот живот исполнет со Сонце, бакнежи и мириси, од кои се раѓа љубовта и односот на човекот со светот.

Затоа природно за Ками е и сé што е човечко и што ги носи атрибутите на човечкото, па според тоа и тенденцијата моралот да ги сокрие човековите природни „атрибути“, не е ништо друго туку негирање на човечкото. Тој вели дека моралот веќе две илјади години се обидува да ја покрие античката дрскост на голото човеково тело.

За Ками многу трагично е што сé она што е природно почнува да губи своја вредност како и во животот на човекот, така и во литературата. Смета дека човековиот живот почнува единствено да се манифестира преку општествените институции и дека не постои интерес за природата. Јасна критика за губење на смислата во природното, дава со следните зборови: „Светот е отсечен од она што ја сочинува неговата трајност: од природата, морето, бреговите, размислувањето во приквечерието. Нема веќе свест надвор од улиците, затоа што веќе нема историја

надвор од улиците, таква е наредбата. А спрема неа, нашите најзначајни дела сведочат за истиот став. Безнадежно бараме пејсажи во европската книжевност од Достоевски, па натаму. Историјата не го објаснува природниот свет кој беше пред неа, ниту убавината која е над неа. Таа избра нив да не ги познава“.[77]

Затоа основата на животот на Ками е љубовта, сензуалната среќа и светот кој нé опкружува. Сé што е надвор од оваа рамка на човекот може да му донесе само несреќа. Тој тоа многу јасно го опишува во „Странецот“, каде главниот лик Мерсо ни е покажан во она природно светло. Мерсо е лик со кој Ками ги дава своите видувања за воспоставената човекова перцепција на светот и неговата неможност да ги извади, па дури ни за момент, тешките морални очила.

Читајќи го „Странецот“, ако само за кратко го погледнеме главниот лик, кој сите го осудуваат (дури и мојата професорка по литература), ќе видиме еден природен човек кој многу го сака и му се радува на животот. Тенденцијата на Ками во овој момент е да покаже колку е грешна нашата перцепција на животот и неговата вредност. Моралот за него претставува догма која силно го притиска човекот и од која тој не може да се ослободи.

Живеејќи по принцип да биде она што е, човекот е однапред осуден како аморален и отфрлен од заедницата и тоа во име на принципи кои не носат ништо човечко во себе. Затоа човекот целиот свој живот го минува во играње на улога, која не е неговата, туку улога која е наметната од главниот прокуратор - моралот. Човекот се наоѓа растргнат помеѓу две сили кои се борат во него и го влечат на две различни страни, а тоа се силите на она што е и она што од него се очекува да биде.

Ками не го негира и отфрла моралот комплетно, но не е ни некој голем моралист, атрибут кој му го припишуваат тие кои елаборираат за неговото дело. Не занемарувајќи ниеден дел од човекот, ниту неговото либидо, ниту суперегото, тој се

[77] Camus, Albert. *Odabrana djela.* knjiga prva Zagreb: Zora, 1976, стр.160

обидува фројдовски да балансира и да најде модус, па затоа ќе рече: „Свесен сум за нередот во себе, силината на извесни нагони, немилосрдниот заборав во кој можам да се фрлам...Едноставно, оној ден кога ќе биде воспоставена рамнотежа меѓу она што сум и она што зборувам, тој ден можеби, едвај се осудувам да напишам, ќе можам да го изградам делото за кое мечтаам“.[78]

[78] Ibid, стр.45

## 6.1. Светот како Бог

Еден од основните проблеми на човекот во светот е проблемот на спасението. Многу од филозофите кои имаат егзистенцијалистичка конотација на овој аспект му пристапуваат примарно. Односот на Киркегор кон Бог го видовме веќе претходно и тој за него беше излез од апсурдот. Уште еден филозоф кој се занимава со оваа проблематика на спас на човекот е Берѓаев. Според него, односот меѓу човековата потреба за спас и неговата креативност е проблемот на современото време. Човекот е жеден за спасение, но во исто време тој по својата природа е создавач на живот и креатор. За него основен проблем на денешницата не е проблемот на Бог, општ став со кој тој не се согласува, туку овој проблем својот есенцијален супстрат го има во човекот. Проблемот на Бог е вечен проблем, проблем на секое време, секогаш прв и секогаш последен. Позначаен проблем за него е проблемот на човекот, спасувањето на човековата личност, која откажувајќи се од Бог, својот сомнеж не го свртела кон апсолутот, туку кон себе. Затоа за Берѓаев само христијанството наоѓа решение за односот меѓу Бог и човекот, затоа што во крајна линија Исус е олицетворението на човекот во божја смисла.

Ками исто така размислува за спас на човекот, но тој спас не го гледа во религијата, туку лично во човекот и неговите способности. За него христијанството е човечка доктрина, која е поставена на погрешна основа: „Христијанството во својата суштина ( и во тоа е неговата парадоксална големина) е доктрина на неправдата. Тоа се темели на жртвата на невиниот и прифаќање на таа жртва“[79]. Ками овде уште еднаш го гледаме како противник на религијата, која на човекот не му дозволува да се спознае себеси, затоа што за неа тоа не е приоритет.

[79] Camus, Albert. *Odabrana djela.* knjiga osma Zagreb: Zora, 1976, стр.28

Сепак на Камиевиот јунак му останува да се спротивстави на светот за да се реализира себеси, а светот во овој случај е Бог. Во оваа паралела јунакот кој му се спротивставува на светот како Бог е Сизиф, јунакот кого боговите го казнија за својата дрскост да им се спротивстави. Сизиф е Камиевата персонификација на љубовта спрема животот, која ќе го натера човекот да го стори дури и невозможното. Токму љубовта кон животот ќе ја направи можна врската меѓу човекот и светот, т.е. меѓу Сизиф и немилосрдните богови: „Неговиот презир кон боговите, неговата омраза кон смртта, а страст за животот, го чинеа таа неискажана казна каде целото суштество се вложува за да не заврши ништо. Тоа е цената што треба да ја плати за страстите на овој свет“.[80]

[80] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.126

## 6.2. Гласот на поединецот

Целокупното дело на Ками одекнува низ гласот на поединецот. Сите негови јунаци се во длабок конфликт со светот кој стои наспроти нив. Различен е само начинот на кој тие го искажуваат својот отпор. Според авторот, гласот на револтот произлегува од поединецот, а човекот кој ќе каже не, е токму човекот кој го подигнал својот глас. Сепак поентата на револтот и на неговото спротивставување не е во самиот револт, или потребата на човекот постојано да негодува, туку во надежта за промена на нештата и производ на некои нови вредности: „Колективните страсти ги надвладуваат личните страсти. Луѓето веќе не знаат да сакаат. Денеска нив ги интересира судбината на човештвото, а не судбината на поединецот“.[81]

Вредноста која треба да произлезе од кревањето на гласот на поединецот е свеста за светот, човештвото, луѓето и потребата да се остане човек и покрај сите неволји и страдања. Надминувањето на индивидуалното страдање и солидаризирањето со судбината на човештвото, му ја дава на човекот вербата да опстои во својот револт, но во исто време тоа уште еднаш ја нагласува нераскинливата врска меѓу човекот и светот, колку и да изгледаат тие различни.

Гласот на поединецот во делото на Ками ни е прикажан преку голем број од неговите јунаци, апсурдни и трагични, но упорни во сопствената вистина и отпор. Мерсо ни е прикажан како глас на поединец кој не се сложува со најголем дел од воспоставените општествени норми и кој ќе плати со сопствениот живот за таквиот слободарски дух. Сизиф, сакајќи ги неизмерно страста, љубовта и животот, како и сé што произлегува од нив, ќе се најде во ситуација избирајќи го животот и кревајќи го својот глас за животот, да биде казнет на вечна мака. Марта во драмата „Недоразбирање“ го крева својот глас како револт кон сопствената судбина, но

[81] Camus, Albert. *Odabrana djela.* knjiga sedma Zagreb: Zora, 1976, стр.270

притоа барајќи ја смислата на сопствениот живот спротивно од тенденциите на Мерсо и Сизиф. Имено, таа е уверена дека надвор од сопствената средина ќе најде подобро место за живеење, притоа заборавајќи дека само она што има своја природна основа е рецептот за трајна среќа. Калигула се обидува својот глас да го крене на монструозен начин, притоа убивајќи сé околу себе како резултат на револтот од судбината. Тој е упорен во своите злосторства, кои ја претставуваат неговата одмазда.

Трагичните јунаци во делата на Ками не ја добиваат борбата која ја започнуваат со светот, но остануваат докрај доследни на своите постапки, плаќајќи со сопствените животи за својата вистина

## 6.3.Судирот во самиот себе

Тенденцијата на внатрешен судир во рамките на единката најдобро е илустрирана во „Прогонство и кралство". Целата збирка толку јасно го прикажува човекот, негова целокупна осаменост, која го турка надвор од реалниот свет, па нему му остануваат само мечтите за новото кралство кое треба да пристигне. По пат на внатрешен монолог, личностите на „Прогонство и кралство" ја потврдуваат идејата за вечниот судир меѓу човекот и светот, кој претставува модус вивенди во делото на Ками. Пластично укажувајќи на тој однос, прогонството е страната на човекот, неговата осаменост и отуѓеност, додека кралството е светот со кој поединецот има судир. Камиевиот човек не престанува да го бара редот и поредокот во светот, но веднаш штом ќе ги најде, тие стануваат за него еден вид на бреме и ограничување.

Самата збирка започнува со расказот Неверна жена, во кој Ками го дава судирот на чувствата на човекот со моралните норми. Заради определена животна сигурност, или, пак, само од навика, луѓето немаат храброст да ги прикажат своите вистински чувства и тие целиот свој живот го поминуваат во самоизолација од сопствените чувства. Во оваа приказна Ками ни прикажува лик на жена која во даден момент на животот, сосема неочекувано, станува свесна за бесмисленоста на нејзиниот живот и брак.

Прифаќањето на дотогашниот живот е чисто од прагматични причини, заради чувство на сигурност, но овде е прикажано едно будење од долгогодишна зачмаеност, што носи чувства на студен воздух низ човековите гради. Таа ќе се обиде да побегне од тој живот, бегајќи и талкајќи низ темнината, што претставува напор да се избега од сопствениот живот, без разлика дали изгледите за бегство се реални: „Пред неа паѓаа ѕвезди, една по една, гасејќи се меѓу пустинските камења, а на Јанина секојпат сé повеќе и се отвораа очите. Дишеше, заборавајќи на студот, товарот на битието,

лудиот живот, долготрајното живеење и умирање. После толку години, бегајќи од стравот и лудо трчајќи без цел, најпосле застана. Во исто време и се чинеше дека повторно ги најде своите корени, силата повторно влезе во нејзиното тело кое повеќе не трепереше".[82]

Човекот, притиснат од секојдневното преживување, заборава на убавините во животот. Младоста според Ками е времето кога човекот го живее својот живот во полн здив, а како станува повозрасен, така станува и покрут и почнува да гледа на работите од друга перспектива, занемарувајќи ги сопствените чувства и пропаѓајќи во заедничкиот морал. Затоа постои тенденција на Ками да ни покаже дека природните чувства се задржале многу повеќе кај луѓето што живеат посиромашно, како тие од неговиот роден крај. Со ова тој се обидува да укаже на тоа дека колку е цивилизацијата поразвиена, толку луѓето се поотуѓени од себе и од природата. Тој посочува дека европската идеологија станала антитеза на природата и убавината и како таква носи само замор и несреќа во животот на поединецот. Природата наместо да биде предмет на човековата инспирација за животот и уметноста, станува само примарен продукт за искористување на општеството, кое е гладно за материја.

Овде уше еднаш толку сликовито се гледа Камиевиот апел кон враќање на човековата перцепција за природата, онака како што некогаш ја гледал - со почит и восхитување, како извор на голема инспирација и уметнички занес.

[82] Camus, Albert. *Odabrana djela.* knjiga vtora, Zagreb: Zora, 1976, стр.190-1

# 7. Смртта

*Иако понижено, човечкото тело е мојата единствена сигурност. Можам само од него да живеам.*

Ками

Смртта за Ками претставува затворена врата, тој не верува во вечноста и смета дека самоубиството претставува само бегање од тежината на животот. Односот на човекот и светот и неговата внатрешна поделба, доаѓаат во израз и во оваа клучна координата. Длабокиот општествен и религиски морал, кои се всадени во потсвеста на човекот, бараат од него да не умре залудно. Душата како категорија, поврзана со моралот и повисоките вредности според Ками не е однапред создадена и конечна, туку се создава за време на животот и тоа како резултат на интеракцијата меѓу човекот и болката која ќе ја доживее од светот.

Ками не верува во животот после смртта, а младиот човек нема никакви претпоставки за смртта, од причина што тој немал време да ја создава мислата за неа. Едно од прашањата кои провејуваат низ неговите дела, а кое се однесува на смртта е дали е човекова судбина да се умре сам. На ова тој рече: „Забележуваа тогаш - спротивно на вообичаеното мислење - дека една од ужасните привилегии на човековата судбина е секој да умира сам, но ништо помалку груба и вистинита е мислата дека всушност никогаш на човекот не му било возможно да умре навистина сам“.[83]

Животот подреден на судбината носи страв и фаталност и затоа човекот треба да се сврти кон другата страна. Вртење кон другата страна значи обраќање кон животот,

[83] Camus, Albert. *Odabrana djela.* knjiga sedma, Zagreb: Zora, 1976, стр.209

кој во себе ги носи радоста и среќата. Овој свет на живот, радост и среќа е светот во кој човекот е господар на себе и својата судбина.

Волјата за живот како најсилно нешто го тера човекот да има богатство од идеи за животот, но сиромаштво од идеи за смртта. Делото на Ками поседува една богата лепеза на модалитетите на смртта. „Времето така брзо поминува, затоа што низ него не се ставени ознаки за снаоѓање. Секаде е исто, од месечината до зенитот и хоризонтот. Годините на младоста се така долги, затоа што се така полни, годините на староста се така кратки, затоа што веќе се обликувани“.[84]

[84] Ibid, стр.17

## 7.1. Смртта и апсурдноста

Потрагата по рационалност и ирационалност на светот околу него го води човекот до апсурдот. Кога ќе ја изгуби вербата во пронаоѓање на смислата на сопствениот живот, човекот започнува да го тишти мислата за смртта. Основното прашање за Ками е дали вреди да се живее, па затоа ќе рече: „Да се просуди за тоа има или нема смисла да се живее, значи да се одговори на основното филозофско прашање. Останатото, дали светот има три димензии или духот девет или дванаесет категории, доаѓа потоа. Тоа се игри; пред сé треба да се одговори на тоа прашање“.[85] Се што е изведено по ова прашање е секундарно и има второстепено значење. За авторот не се важни никакви онтолошки докази за постоењето на светот, затоа што тие немаат никаква смисла надвор од човекот.

Човековата потреба за живот, која е исконска, го тера човекот да се спротивстави на сé, па дури и на смртта. Љубовта спрема животот најсилно може да се види во „Митот за Сизиф“, кој претставува персонификација на природата и животот. Неговиот револт против смртта, иако навидум апсурден, е пораката дека животот треба да се живее по секоја цена. Желбата да се живее е посилна од сé и таа дури го тера на вечен пркос против боговите, што во случајот на Сизиф резултира со вечна казна. Но таа казна не е ништо друго туку потврда дека Сизиф бил и останал господар на сопствениот живот. Неговата мака, колку и да изгледа апсурдна, е смислата на неговиот живот и затоа Ками ќе рече: „Но Сизиф поучува со повисока верност, која ги негира боговите и крева карпи. Тој исто така смета дека сé е добро. Отсега овој свет без господар не му изгледа ни бесполезен, ни ништожен. Секое зрнце од тој камен, секој минерален блесок од таа планина полна мрак, се сами за себе еден

[85] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997, стр.13

посебен свет. Самата битка да се стигне до врвот е доволна за исполнување на човечкото срце. Треба да го замислиме Сизиф среќен“.[86]

Исто онака како што живееше и пишуваше за апсурдот, Ками загина на апсурден начин, нешто за кое Хершегич ќе каже: „Не е ли тоа бесмислено и апсурдно? Писателот на апсурдот и револтот, тој кој го дополнува и му дава смисла на апсурдот, Албер Ками, предвесник на апсурдниот човек во апсурдниот свет кој  и покрај сé работи и делува, умре со апсурдна смрт во својата четириесет и седма година од својот патувачки, комплициран и во најмала рака тежок живот. Не е ли тоа апсурд со кој не можеме да се помириме?“.[87]

[86] Ibid, стр.129
[87] Ivo Hergešič. *"Albert Camus i današnjica"*- Predgovor. Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga prva,* Zagreb: Zora, 1976, стр.32

## 7.2.Смртта како чума

Односот на човекот и светот, како и во сите други координати, произлегува и низ онаа за смртта. Во оваа смисла и романот „Чума“, укажува на еден свет на насилство, терор и болка, на кој човекот му се спротивставува со натчовечки напор за да го совлада. Романот ни дава една слика за луѓе кои се притиснати од сили кои се многу посилни од нив, но тоа е мотив плус за нив да истраат во својот напор. Злото персонифицирано преку опасната и неизлечива болест се јавува ненадејно, подмолно, зема многу жртви, но исчезнува исто онака без најава, како и што се појавила.

Во овој роман Ками ни ја прикажува големата моќ на злото, на смртта, на која човекот ѝ се спротивставува, но неговиот отпор е слаб и не вродува со плод. Сепак, единствено и човечки е да се истрае, без разлика на ирационалноста на силите кои го напаѓаат човекот. На човекот му останува да опстане во бесмислениот свет на насилство, а тоа е единствено можно преку подавање рака на солидарност на другиот човек. Затоа и јунаците во делата на Ками ги следи ситуација на неизбежност од настаните и условите кои им ги нуди животот: „Ништо на луѓето не им е дадено, а и она што можат самите да го стекнат, го плаќаат со неправедна смрт. Но големината на човекот не е во тоа. Таа е во неговата одлука да биде посилен од својата судбина. Но ако неговата судбина е неправедна, единствен начин да ја совлада е самиот тој да биде праведен“.[88]

Сообразувајќи ја чумата со злото, како и нејзиниот начин на појавување и исчезнување, Ками сака да даде до знаење дека злото и смртта остануваат да демнат надвиснати над човековиот живот и само прашање на момент е кога тие ќе се појават. Но неговата порака е дека без разлика на тоа какво и да е злото, човекот треба да издржи, да се солидаризира, да го даде својот отпор, исто онака како што тоа го

[88] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga osma.* Zagreb: Zora, 1976, стр.14

прават неговите јунаци на романот. Солидарноста и љубовта кон човекот претставуваат моќно оружје во рацете на човекот, а желбата за живот и свесниот револт се силите кои ќе го поттикнат човекот да го насочи својот отпор кон сѐ она што му го загрозува неговиот пат на човекување.

Иако напорот и отпорот кои ги дава човекот кон светот изгледаат сизифовски, сепак тие се доволни за излез од апсурдот и скок кон животот, а животот е единственото поле на пресметката меѓу човекот и светот и потврда дека се живее.

## 7.3. Смислата на смртта

Камиевото сфаќање на смртта се гледа низ неговото целокупно дело. Тој не верува во бесмртноста и со сите расположливи сили се обидува да го наметне ставот дека човекот треба да размислува за животот како единствен и неповторлив и дека не постои ништо после смртта. Смртта за Ками е затворена врата, а размислата за премин кон друг свет е само утешителна надеж за човекот кој не е подготвен да живее вистински.

Според авторот, човековата визура за смртта се менува адекватно со неговите години, па така младиот човек не ни размислува за неа, додека како почнува да старее, мислата за неа му станува сé поблиска и попристрасна. Човекот, за разлика од мноштвото идеи кои ги има за животот, поседува оскудни идеи за смртта, а причината според Ками е отсуството на искуство кога е таа во прашање.

Кога станува збор за смртта, Ками е на ставот дека човекот исто онака како што доаѓа во животот, така мора и да замине, што е сосема природно и од што никој не треба да се плаши: „Смрт за сите, но секому неговата смрт“.[89]

Еден од истражувачите на танатолошкиот концепт на Албер Ками, Коле Јовановски ќе рече: „Во делата на Албер Ками е присутна раскошна феноменологија на реализација на модалитетите на смртта, од која ги посочуваме: смртта како последица на апсурдноста, недоразбирањето, револуционерната акција, начинот на осмислување и богатењето во животот, индиферентноста кон животот, последица од болеста итн.“.[90] Сепак оваа богата лепеза на модалитетите на смртта не укажува на

[89] Camus, Albert. *Odabrana djela, Knjiga prva.* Zagreb: Zora, 1976, стр.56
[90] Јовановски, Коле. *Антрополошкиот концепт на Албер Ками.* Скопје: Институт за Филозофија, 1995, стр.11

танатолошка преокупираност на авторот, туку игра улога на димензионирање на смислата на животот, преку укажување дека треба да се искористи секој момент.

Кога зборуваме за феноменот на смртта, треба да се нагласи и тоа дека зборувајќи за различни модалитети на смртта, меѓу кои и оној за апсурдната смрт, Албер Ками загинува во автомобилска несреќа. За да биде апсурдот уште поголем, во неговиот џеб по несреќата е пронајден билет за воз со кој требал да патува, но се предомислил во последниот момент и одлучил да патува со автомобил.

## Заклучок

*Не, не сум бил важен јас, ниту светот,*

*туку единствено складот и тишината*

*во која меѓу него и мене се раѓала љубовта.*

Ками

Целокупниот револт на Ками е насочен кон општествувањето на човекот и оние тенденции кои го натераа да создаде сопствена перцепција за вечно траење. Оваа потрага по вечното е толку силна во филозофијата, религијата и во моралот, па е неминовно да се прелее и во секојдневниот живот на човекот. Верувајќи и надевајќи се постојано, човекот само го одложува својот живот. Затоа тој предлага живот во кој човекот би се отворил кон сопствените чувства кои се неповторливи, а најдлабоки чувства пронаоѓа во љубовта: „Кога на човекот еднаш ќе му се укаже пригода силно да љуби, животот му поминува во повторно пронаоѓање на таква страст. Откажувањето од убавината и сензуалната среќа која е поврзана со неа, бара величина која мене ми недостасува".[91] Затоа целта на животот не е негово одлагање и надеж дека нештата ќе се сменат, туку љубов кон животот и природата која нé опкружува, со што се дава шанса на човекот да биде среќен.

На вечната тенденција да го бараме апсолутното, постои и вечна тенденција да се спротивставиме на него. Од првиот грев на човештвото, оној на Адам и Ева, па сé до најново време, човекот смогнува сили да се спротивстави. Првиот грев и прогонството од рајот е првиот револт насочен од човекот кон светот. Таа алиенација од Бога значи дека човекот успеал да се извлече од канџите на апсолутното и да почне да резонира сам. Оттогаш тој низ целиот тек на својата историја е во потрага по

[91] Camus, Albert. *Odabrana djela.* knjiga prva Zagreb: Zora, 1976, стр.172

загубениот рај и можноста за вечен живот која ја пропуштил. Создавањето на таквата слика на апсолутното во целокупното општествување на човековиот род е изворот на апсурдот. Затоа, освен што е поединечно насочен кон апсурдноста на секоја човечка индивидуа и начин како да се продолжи, револтот на Ками е насочен и кон општествените тенденции како религијата, филозофијата и моралот, кои, за да се самопотврдат, го наметнуваат апсолутното.

Затоа сметам дека судирот меѓу човекот и светот прикажан во делото на Ками е судир кој во својата основа го носи судирот меѓу природниот и општествениот човек. Тој судир претставува вечен ривалитет меѓу она што е човекот по својата природа и она што успеал да го создаде со својата цивилизација. Ками не сака да ја занемари цивилизацијата, туку само сака да нé потсети дека треба да се отрезниме од вечната потрага по апсолутното и да не заборавиме дека ние сепак сме природни суштества. Човекот во својата најинтимна основа е прво природно, а потоа општествено суштество. Затоа, јас револтот на Ками го гледам како револт против загрозувањето на природниот човек, нешто кое сме го заборавиле низ текот на цивилизацијата. Целиот тој револт го покажуваат и јунаците на неговите дела, некои дури и прикажани во сосема природно светло како Мерсо во Странецот.

Затоа, единственото својство на човекот кое ја претставува неговата диференција специфика - разумот, не е средство кое ќе му помогне да го достигне вечното, туку само ќе му помогне да живее подобро во конечното. Во некои од делата на авторот се препознаваат автобиографски елементи и тој ги проектира низ призмата на сопствената перцепција и искуство: „Три личности влегоа во композиција на Странецот: двајца мажи ( од кои едниот сум јас) и една жена“.[92]

Прикажан низ целокупната перспектива која претходно ја образложив, Камиевиот човек, освен што се реализира себеси преку отпорот кон светот, има уште една

[92] Camus, Albert. *Odabrana djela.* knjiga sedma Zagreb: Zora, 1976, стр.186

специфика. Таа специфика е тоа што Камиевиот човек единствената потпора во отпорот кон светот ја има во самиот себе. Не постои ништо надвор од човекот со кое тој би се утешил или би нашол засолниште, освен во самиот себе. Вака оставен сам на себе и на своите внатрешни сили, Камиевиот човек е најсилното нешто и од секогаш бил, е и ќе биде човек во вистинска смисла на зборот.

Антрополошкиот концепт на Албер Ками се гледа во цврстата намера на авторот да се обиде да го одврати, ако е тоа можно само и на момент современиот човек од патот на неговата алиенација од самиот себе и природата која го опкружува. Неговиот богат творечки опус, иако навидум со едноставен наративен стил, го носи основното антрополошко прашање кое се провлекува низ филозофијата уште од самиот нејзин зародиш, а тоа е вечната потрага по смислата на човековиот живот.

Сепак, мора да се напомене, исто онака како што му замерува и Сартр, дека Ками не го земал предвид фактот дека човекот е и историски - развојно суштество. Имено, Ками целокупното добро во историските процеси го занемарува и остава настрана, а човекот го апстрахира како ентитет кој се наоѓа во длабок расчекор со светот и неговите неразумни сили. Се чини на моменти дека Ками го занемарува фактот дека човекот, како активен учесник во светот, твори добар дел од случувањата во него, па според тоа носи и дел од одговорноста за тоа каков е светот.

Врз основа на она што е досега изнесено, може да се каже дека апсурдот, револтот, слободата, односот кон заедницата и смртта се темелите на кои е поставено делото на Ками и кои го чинат неговиот антрополошки концепт. Ликовите во делата го поминуваат трнливиот пат на апсурдот, се судираат со него, некои плаќаат и со сопствениот живот, но сепак умираат слободни. Основното настојување на авторот е да ни укаже на неопходноста од отпор, од револт во каква било ситуација, со кој ќе докажеме дека сме моќни да се спротивставуваме. Само спротивставувајќи се на сето она што го опкружува, човекот покажува и докажува дека е жив.

Ками има право кога укажува на тоа дека човекот почнува да ја занемарува природата и да го трга погледот од неа. Критиката на уметноста која е надвор од природата и на литературата врзана само за улицата се доволен потсетник на тоа дека човекот се отуѓува од својата примарна суштина. Затоа Ками дава еден русоовски апел за враќање на приматот на природните вредности и живеење со полн здив со сите свои чувства, бидејќи само тоа ќе ни помогне да ја сфатиме вистинската вредност на животот, а во исто време ќе бидеме помирни и поспокојни: „Во животниот сон, еве го човекот кој ги пронаоѓа и губи своите вистини, на земјата на смртта, за да низ војните, врисоците, лудостите на правдата и љубовта, низ болката, најпосле се врати во онаа мирна татковина, во која дури и смртта е среќна вистина“.[93]

Антрополошкиот концепт на Албер Ками го објаснува човекот како неповторливо суштество кое е во постојана борба со себе и со светот. Првата битка на која авторот неминовно алудира е онаа битка која човекот мора да ја извојува со себе. Таа значи менување на перцепцијата на потрага по животот како вечност и враќање на онаа за животот како неповторлива шанса. Но, за да би успеал во тоа, човекот треба да се роди одново и тоа како Ничеевиот натчовек, желен единствено за живот и кој би успеал да му се спротивстави на светот преку животот.

Вистинскиот живот е неповторлива егзистенција, која мора да се одживее без никакви заблуди, надежи и скокови кон повисоки сили, а тоа е можно само ако човекот и општеството ја сменат наметнатата претстава дека животот треба да биде подреден на некаква идеологија, а со тоа замрсен, тежок и неприфатлив, па на човекот не му останува ништо друго освен да се надева или да „скокне“. Но авторот ни порачува дека тоа е возможно само ако човекот повторно се врати во прегратките на природата, каде тој би бил неизмерно среќен.

[93] Camus, Albert. *Odabrana djela.* knjiga prva. Zagreb: Zora, 1976, стр.46-7

Модерната цивилизација го задушува човекот, го претвора во бројка, го тера да се надева, да се чувствува како странец во сопствениот живот. Затоа револтот на Ками е насочен не кон уривање на светот, ниту кон бегство од него, туку кон живот со целата своја сила. Човекот станува и останува човек само оној пат кога ќе му се спротивстави на светот, но тоа спротивставување треба да биде неговата волја за живот, која секој човек ја носи во себе. Таа волја за живот е онаа Ничеева волја за моќ која ќе ги спои човекот и светот повторно заедно, на истата страна, како партнери во битисувањето.

# Библиографија

## 1. Примарни извори :

[1] Ками, Албер. *Митот за Сизиф*. Прев. Мирјана Тренчева, Скопје: Култура, 1997.

[2] Ками, Албер. *Недоразбирање*. Прев. Ели Бежановска, Скопје: Матица македонска, 2003.

[3] Ками, Албер. *Паѓањето*. Прев. Ива Георгиева, Скопје: Ѓурѓа, 2009.

[4] Ками, Албер. *Првиот човек*. Прев. Благоја Велковски-Краш, Скопје: Зумпрес, 1995.

[5] Ками, Албер. *Странецот*. Прев. Елена Николовска, Скопје: Матица македонска, 2003.

[6] Camus, Albert. *Sretna smrt*. Zagreb: Naprijed,1973.

[7] Camus, Albert. *Odabrana djela.* Zagreb: Zora, 1976.

- knjiga prva: *Naličje i lice, Pirovanje, Leto.*
- knjiga druga: *Stranac, Pad, Progonstvo I kraljevstvo.*
- knjiga treča: *Kuga.*
- knjiga četvrta: *Kaligula, Nesporazum, Opsadno stanje, Pravednici.*

- knjiga peta: *Mit o Sizifu, Pisma jednom nemačkom prijatelju, Govori u Švedskoj.*
- knjiga šesta: *Pobunjeni čovek.*
- knjiga sedma: *Zapisi.*
- knjiga osma: *Kronike.*

[8] Kjerkegor, Seren. *Ili-Ili.* Beograd: Grafos, 1989.

[9] Kovač, Nikola. *Sukob biča i ideala (Alinacija u djelu Albera Kamija).* Sarajevo: Svjetlost, 1975.

[10] Сартр, Жан-Пол. *Тегобност.* Скопје: Култура, 1966.

[11] Ниче, Фридрих. *Волја за моќ.* Прев. Ѓорѓи Мишков, Скопје: Ѓурѓа, 2008.

## 2.Секундарни извори :

[12] Adorno, Teodor V. *Filozofska terminologija*: Uvod u filozofiju. Sarajevo: Svijetlost, 1986.

[13] Anzenbaher, Arno. *Filozofija, uvod u filozofiju*. Zagreb: Školska knjiga, 1992.

[14] Jaspers, Karl. Filozofija egzistencije: *Uvod u filozofiju*. Beograd: Prosveta, 1967.

[15] Атанасовски, Иванчо. *Магијата на егзистенцијализмот*. Скопје: Метафорум, 1994.

[16] Berđajev, Nikolaj. *Duh Dostojevskog*. Beograd: Književne novine, 1981.

[17] Berdyaev, Nicolas. *Truth and revelation.* London: Geoffrey bles, 1953.

[18] Марковска, Слободанка - Симоновска, Сузана. Антропологија: *Зборник текстови*. Скопје: Догер, 1999.

[19] Младеновски, Ѓорѓе. *Антропологија, Зборник текстови*. Скопје: Филозофски факултет, 2000.

[20] Мухиќ, Ферид. *Јазикот на филозофијата*. Скопје: Култура, 1995.

[21] Јовановски, Коле. *Антрополошкиот концепт на Албер Ками*. Скопје: Институт за Филозофија, 1995.

[22] Јовановски, Коле. *Апориската онтичка архитектоника на Камиевиот хомоапсурдус*. Филозофија (филозофско списание). 12 (2004) 31-40.

[23] Јовановски, Коле. *Филозофска антропологија.* Куманово: Марида, 2000.

[24] Касирер, Ернст. *Есеј за човекот; Увод во филозофијата на човечката култура.* Скопје: Култура, 1998.

[25] Kierkegaard, Soren. *Purity of heart.* New York: Harper @ brothers publishers, 1948.

[26] Нинковик, Адам. *Филозофија апсурда и побуне Албера Камија.* Ниш: Просвета, 1997.

[27] Ниче, Фридрих. *Раѓање на трагедијата.* Скопје: Еин-Соф, 2000.

[28] Hergešič, Ivo. *Albert Camus ili filozofija apsurda.* Predgovor Strancu. Zagreb: Zora, 1951.

[29] Jeremič, Dragan. *Knjizevno i filozofsko delo Albera Kamija. Pogovor Letu.* Beograd: Nolit, 1956.

[30] Miloševič, Nikola. *Poruka Kamijevok Stranca, logika književnog lika. Predgovor Strancu.* Beograd: Prosveta, 1968.

[31] Miloševič, Nikola. *Antropoloski eseji*. Beograd: Nolit, 1964.

[32] Сартр, Жан-Пол. *Зрела возраст. Патишта на слободата.* Скопје: Македонска книга, 1968.

[33] Sartre, Jean-Paul. *Existentialism and human emotions.* New York: Philosphical library, 1957.

[34] Солунчев, Ристо. *Сферите на егзистенција кај Сорен Киркегор.* Филозофија (филозофско списание). 12 (2004): 51-72.

[35] Stefanovič, Aleksandar. *Alber Kami - apsurd i plemenitost.* Predgovor Kugi. Beograd: Prosveta, 1966.

[36] Sutlič, Vanja. *Intelektualac i korijeni apsurda. Pogovor Mitu o Sizifu.* Sarajevo: Veselin Masleša, 1963.

[37] Шелер, Макс. *Положбата на човекот во космосот.* Скопје: Аз-Буки, 2004.

## 3. Терцијални извори :

[38] Јовановски, Коле. *Филозофски речник.* Скопје: Ѓурѓа, 2002.

[39] Панзова, Виолета. *Науката како занает.* Скопје: Филозофски факултет, 2003.

[40] Bošnjak, Branko. *Filozofija. Uvod u filozofsko mišlljenje i rečnik.* Zagreb: Naprijed, 1985.